СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**88 (ОСУМДЕСЕТ И ОСМА) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА ИА 8.IV. 1998 Г.**

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР.14

Т.1 – Интерпелација на министерот за стопанство

БОРИС РИКАЛОВСКИ – стр. 25


1. АБДИ ФАИК 68, 72
2. БУЗЛЕВСКИ ДИМТАР (потпретседател на Владата) 2, 20, 21, 23, 24
3. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 46, 49, 53, 55

ИВАНОВ ЉУБИСАВ 64,65

5. КОЦЕВСКИ АЦЕ 3, 21, 24
6. ЛАЗАР0В ЈОВАН 8
7. МИЕВСКИ ДРАГАН 51, 54, 56
8. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 39, 40
9. ПЕТК0ВСКИ ТИТО (претседател на Собр.) 1
10. ПРУСИ АБДУРАУФ 6, 8, 19
11. РАМАДАНИ ХИСЕН 10
12. РАМАДАНИ САЛИ 12, 16, 18
13. РИКАЛОВСКИ БОРИС (министер за стопанство) 26, 30, 37
14. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 11
15. СТ0ЈКОВСКИ БЛАГОЈА 59
16. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО 74
17. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 56, 59
18. ЧАДИКОВСКИ ЛУБОМИР 45,50
19. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 7,11
20. ШАПУРИЌ ЗОРАН 20


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 88 -та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 април 1998 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Ѓорѓи Атанасов, Владимир Соколовски, Наум Симјановски и Исмет Рамадани ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичката Државна Изборна Комисија и директорот на Агенција на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали некој има против. (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Тито Петковски, Џаладин Мурати и Блаже Филиповски поднесоа Предлог на одлука за основање и состав на комисија за Европски и Евроатлански интеграции и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе барање Владата на Република Македонија да подготви информација за актуелната состојба во врска со исклучувањето на електрична енергија на граѓаните поради неплатени сметки за потрошена електрична енергија и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

До денеска ваква информација не е пристигната во Собранието.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата прифаќа да изработи таква информација и да ја достави на пратеникот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи господин Арсовски не е тука, не го знаеме неговиот став по однос на овој одговор, јас имам обврска предлогот на господинот Арсовски да го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе барање Владата на Република Македонија да подготви информација за текот и резултатите од активностите за конципирање и изградување на одбрамбената политика, стратегија и доктрина на Република Македонија и таа да биде разгледана на оваа седница.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по ова

барање.

Има збор господин Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата, по однос на ова барање нема изградено став за оваа седница. Би замолиле тоа да се одложи за наредната или за една од наредните седници особено поради тоа што Владата чувствува за потребно дополнително да се консултира со субјекти во држава Македонија кои што исто така се надлежни за содржината на оваа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

I/4

Се одлучив да доставам барање Владата да изготви информација за текот и резултатите од активностите за конципирање и изградување на одбранбената политика, стратегија и доктрина на Република Македонија од повеќе причини.

Како прва причина би го истакнал фактот дека иако Македонија влегува во 7 -та година, односно е во 7 -та година од својата независност и сувереност нашата држава сеуште нема донесено неколку стратешки документи од областа на одбраната што произлегуваат како обврска од Законот за одбрана на Република Македонија, донесен во 1992 година.

Конкретно, тие обврски се следни:

Прво, би сакал да го потенцирам фактот дека Собранието на Република Македонија, според членот 14 став 1 точка 1 од Законот за одбрана во остварувањето на одбраната имаа стриктна надлежност да врши надзор врз остварувањето на надлежностите на Владата во одбраната и да ја следи подготвеноста за одбрана на Републиката.

Потоа, во Законот за одбрана се наведени следните обврски на претседателот на Републиката, на Владата и Министерството за одбрана:

Прво, претседателот на Републиката, согласно член 15 став 1 донесува стратегија за одбрана на Република Македонија и донесува план за обрана на Република Македонија. Првиот од овие документи го подготвува и го утврдува предлогот Владата на Република Македонија, а за вториот документ подготовката ја врши, на стратегијата, Министерството за одбрана.

Иако поминаа седум години, нашата држава сеуште нема ниту план за одбрана така како што треба, со сите свои аспекти, ниту има стратегија за одбрана, а сите сме свесни што се случува во нашето непосредно опкружување и какви опасности од тоа можат да произлезат за безбедноста на Република Македонија.

Да не должам повеќе тоа беа основните мотиви поради што се одлучив да побарам највисокиот претставнички дом на граѓаните на Република Македонија, Парламентот, да биде само информиран од надлежните органи, вклучувајќи го тука и Претседателот на Републиката како дел од извршната власт за тоа до каде е стасано со подготовките на овие документи и евентуално, кои се причините, поради кои се доцни.

Јас се согласувам, бидејќи се работи за сложена работа, како што е сложена работа изготвувањето на овие документи, тоа да остане како обврска за Владата, за следната седница на Собранието.

Ако има потреба, јас повторно писмено би го доставил предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, благодарам.

Комисијата за финансирање и буџет предпага Предлогот на законот за денационализација да не се разгледува на оваа седница на Собранието од причините содржани во Дописот на претседателот на Комисијата и во извештајот на Комисијата.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (20 пратеници).

Дали има некој против? (39 пратеници).

Кој се воздржува од гласање? (3 пратеници).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата не е усвоен. Комисијата за прашања на изборите и именувањата достави Предлог на одлука за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија, предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации: Медицински центар Куманово - Куманово, Здравствен дом Пехчево, Завод за здравствена заштита - Тетово, Здравствен дом - Берово, Герентолошки завод " 13 Ноември" - Скопје и природно лекувалиште Негорски Бањи - Гевгелија, предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на: Специјалната болница за гинекологија и акушерство "Чаир"- Скопје и на Градската општа болница Клиника за хируршки болести "Моша Пијаде"- Скопје, предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Струга и предлог на одлука за разрешување и именување на претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни

песни и игри " Танец" од Скопје и предлага тие да бидат разгледани на оваа седница.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

Процедурално, пред гласањето господинот Пруси бара збор.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Добро, сега, бидејќи излегов на говорница, ако ми дозволите да го честитам Курбан Бајрам на сите припадници на вероисповеста на Исламот. Дозволете ми го тоа како прво.

Како второ, не навлегувајќи во другите предлози што ги дава оваа Комисија, меѓутоа, очигледно е дека Комисијата сака да навлегува и во други компетенции што, за жал ги нема.

Прво, се подразбира, ако овој орган, ова Собрание ќе избере некого, тогаш тоа Собрание треба и да го разреши.

Поконкретно, имам една забелешка за Клиниката за хируршки болести, за избор на членови на Управниот одбор на Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје, Клиника за хируршки болести.

Овој Управен одбор беше прифатен, односно изгласан од ова Собрание пред една година. Јасно, ако треба да се избере нов Управен одбор, а членовите имаат мандат од две години, и ако треба да се избере нов Управен одбор, тогаш ова Собрание треба да го разреши претходниот Управен одбор, односно ако се работи за предвремено разрешување.

Меѓутоа, Комисијата дава некои предлози овде без да ги разреши и другите членови. Ако треба да ги разреши другите членови, тогаш веројатно тие членови кои биле до сега не ја извршувале функцијата членови на Управниот одбор како што треба, тоа треба да се каже. Значи, да се нагласи до ова Собрание и Собранието треба да реши дали ќе ги разреши или нема да ги разреши. Ако ги разреши, односно ако се укаже дека тие членови на Управниот одбор не ја извршувале функцијата како што треба, односно ако ова Собрание дојде до таков еден заклучок,

тогаш се подразбира дека Комисијата за избори и именувања треба да даде нов предлог, што во овој случај Комисијата за избори и именувања се јавува во функција на ова Собрание, а не како помошно тело на ова Собрание.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Џафероски, претседател на Комисијата за избори и именувања.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Во врска со прашањето што го отвори господинот пратеник, би сакал да Ве известам за следното:

Како што Ви е познато вам и на целата јавност Управниот одбор на Јавната здравствена организација " Моша Пијаде" подолго време не функционираше и таму се случуваа некои работи кои не беа во ред.

Двајца од четири членови на Управниот одбор кој ги избира Собранието на Република Македонија поднесоа оставка. Управниот одбор на таа здравствена организација се доведе во состојба да не може да функционира.

Со писмо побараа вработените од Здравствената организација Собранието на Република Македонија да избере нови членови во Управниот одбор од причина што Управниот одбор не функционираше.

Комисијата за избори и именување заклучи дека има потреба да се изберат нови членови во Управниот одбор на оваа здравствена организација и тоа на седницата на 6 -ти го направи. Но, господинот пратеник до колку смета дека е сменет затоа што тој не ја обавувал добро функцијата член на Управен одбор тоа не е точно. Едноставно, Управниот одбор на таа здравствена организација не функционираше и затоа се сменети сите четири членови со цел Управниот одбор на таа Јавна здравствена организација да профункционира и нашиот придонес

како Собрание да го дадеме за да се средат одредени проблеми во таа Јавна здравствена организација.

Инаку, околу прашањето треба да ги разреши Собранието досегашните, во членот 2 од Одлуката што ја предлага Комисијата вели дека со влегување во сила на оваа Одлука престанува мандатот на досегашните членови, што значи и таа работа е сосема во ред.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, Ве молам околу ова не водиме полемика. Сега само го утврдуваме дневниот ред.

Вие можете да предложите дали да отпадне оваа точка од дневниот ред, а ако биде содржана во дневниот ред, тогаш ќе отворите расправа и тогаш можете да кажете се што мислите за Одлуката. Во оваа фаза само можете да предложите дали точката да се симне од дневниот ред или да биде во дневниот ред. Ништо друго. Има збор господин Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Добро, се подразбираше дека моето барање беше оваа точка воопшто да не се разгледува, односно да не стои.

Меѓутоа, тоа што го кажа господинот Алил Џафероски воопшто не стои поради тоа што Управниот одбор работеше во овие месеци. Беше избран уште еден член од истата Комисија, што во оваа Комисија е тој член, значи беше предложен член и Управниот одбор одговорно работеше. Одговорно тврдам од оваа говорница, не е вистина дека не работеше. Работеше, а како работеше тоа е друго прашање. Меѓутоа работеше. Секогаш наоѓаше сили да разрешува некои состојби што беа таму на таа клиника. Така што, воопшто не стои тоа што господин Алил Џафероски го кажува.

I/9

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, предлогот на господин Пруси го ставам на гласање за изземање само на точката за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница, Клиника за хируршки болести " Моша Пијаде" - Скопје.

Кој е за предлогот на господин Пруси, молам да крене рака? (27 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господин Лазаров, деловничка интервенција.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Го прифаќам предлогот на Комисијата и предлагам Собранието да ги уврсти овие точки на дневен ред. Меѓутоа, за да може да одлучуваме појасно, предлагам, додека дојде оваа точка од дневниот ред Стручната служба да изготви еден преглед на тоа кој пратеник во колку управни одбори е делегиран надвор од Собранието. И тоа во управни одбори на здравствени организации, одбори за доделување на награди, разни совети, за избор на работоводни органи итн. итн.

Ова го предлагам од причина што денеска моето име и името на мојот колега Мирко Трипуновски е злоупотребено од претседателот на Комисијата Алил Џафероски во весникот "Вечер" каде што се вели "Доста ни е од Јован Лазарев и Мирко Трипуновски, тие се во повеќе од 10 управни одбори делегирани".

Јас тврдам овде одговорно дека до сега Собранието ме нема делегирано во ниту еден управен одбор, ниту било какво тело надвор од Собранието. Во Собранието сум во Комисии, но еве денеска има прв предлог за во една организација.

Од тие причини молам да се изготви предлог што ќе стигне до самата точка од дневниот ред.

Благодарам.

II/1 СЈ/ПН

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам за ова да не гласаме, техничко прашање е, а молам стручната служба да изготви такво преглед и да им го стави на располагање на пратениците.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене

рака.

Уште една процедурална интервенција на г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Бидејќи не доаѓаме во ситуација да поставуваме прашања, би молел во оваа процедура да го замолам претседателот на Собранието, по повод оваа точка, да се направи еден извештај на Комисијата за избори и именувања за пратениците, сите, кои се во кои одбори и комисии, органи на јавни претпријатија делегиран!

Мислам дека ги било добро, при крајот на мандатот овој состав на Собрание да има точен приказ на пратениците кои се делегирани во одделни или во разни организации и органи од јавен интерес што ги именува Собранието.

Мислам дека е тоа многу значајно. затоа што се тука барем по моја оценка, ќе видиме што ќе каже информацијата, многу деформации се направени. Па би молел претседателот тоа да го обезбеди за Собранието

.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам за овој предлог да не гласаме, а стручната служба да подготви таков преглед и да го достави до Собранието односно до пратениците.

(некои од пратениците бара процедурален збор)

Не, не, само постои предлогот за дополнување на дневен ред од страна на Комисијата за избори и именувања.

Има збор г-динот Станковски, процедурално.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас се јавувам со намера да побарам од вас поддршка одлуката за разрешување и именуваше на претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни песни и игри "Танец" да го одложиме за наредната седница. Составот не е спорен, меѓутоа во Собранието е дојден допис кој на некој начин го оспорува изборот на оваа Комисија, нас претставниците, со образложение дека со тоа се крши законот и Уставот на РМ.

Заради тоа, за да не навлеземе во некоја грешка, јас барам оваа точка од дневен ред да биде симната, а на наредната, откако ке го погледаат сите пратеници, дописот, да се произнесеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, во името на предлагачите да се произнесе г-динот Џафероски по овој предлог на г-динот Станковски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Јас прво не разбирам што е тоа што е незаконски во врска со предложените членови на Советот на Ансамблот за народни песни и игри "Танец", само знам дека состојбата е многу лоша таму и дека по нивно барање се предложени предложените членови на Советот на Ансамблот "Танец".

Дополнително кој доставил писмо дека е незаконито, тој ако смета така, нека бара заштита на законитост или до Уставен суд.

II/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, значи не го прифаќате предлогот.

Г-дине Станковски, дали да гласаме за вашиот предлог?

(Да)

Кој е за предлогот на г-динот Станковски, молам да крене

рака.

16 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Ве молам, предлогот на Комисијата за дополнување на дневниот ред со овие неколку точки, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

65 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање. (3 пратеника)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пред да одиме на гласање за дневниот ред, деловничка интервенција бара г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска уште откако се отвори оваа седница побарав и деловничка и процедурална интервенција, меѓутоа, не ми се даде збор веднаш, па сега ја користам оваа можност и излегов за три работи.

Прво, бидејќи е втор ден на Курбан Бајрам, тоа исто е важен како и вчерашниот, на сите припадници на исламската вероисповест во име пархаир, честитки.

Второ, на 24.03.1998 година добивме решение со кое беше закажана 88-та седница за 8 април, т.е. за денес. Прв пат за овие 3,5

години нешто чудно, што не можам да го сфатам, со писмо до 31.03.1998 година т.е. по 6-7 дена беше одложена оваа седница за утре, т.е. за 9 април. Завчера добив телеграма со која повторно се закажува односно по трет пат оваа седница за денеска.

Оваа игра не ми е јасна, па на почетокот предлагам, а дојдов само за тоа да барам одлагање на оваа седница, бидејќи како што знаете денес е втор ден на Курбан Бајрам, за 55% муслимани во цела Република Македонија, Албанци, Турци, Роми и други, тоа е исто така важен ден, вториот, а исто така и третиот и пратеници муслимани кои се 22 во овој Парламент, како и толку голема популација и припадници на оваа вероисповест, не ги завршија обредите, туку што почнаа вчера. Вие знаете дека беше два пати поднесен предлог тука Законот за празници и ние побаравме и за овој празник имаме амандман со 8 точки место 8 амандмани да биде 5 дена, ако не повеќе тогаш за овие припадници.

Затоа денеска предлагам да се одложи оваа седница, ние да ги продолжиме нашите обреди и посети, не сме биле на сите гробишта во Кичево па и вон Кичево, така да ќе беше фер и многу важно и релевантно и оправдано е да се одложи за понеделник или за некој друг ден.

Додека за дневниот ред имам уште еден предлог, ако треба сега. ако не подоцна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со честитките, се разбира, јас и вас ви честитав, а на верниците на исламската вероисповест во мое и ваше име им го честитав на сите граѓани во РМ.

Што се однесува до прашањето на г-динот Сали Рамадани тоа е точно, седницата првично беше закажан за 8-ми, бидејќи бев информиран дека тогаш ќе биде неработен ден, односно Министерството за труд и социјална политика дека ќе го прогласи тој ден дополнително ве информирав, бидејќи добивме соопштение за јавноста дека неработен ден се прогласува 7-ми, што значи 8-ми е работен ден и можеме да работиме.

II/5

Поради тие причини и јас дополнително ве известив за да можеме да ги искористиме, имаме многу точки на дневниот ред, кој веројатно ќе ја одолжат оваа седница можеби 2,3 или 4 дена и јас ја презакажав повторно седницата за 8-ми, како што беше првично закажана.

Еве, тоа е објаснувањето.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за стопанство Борис Рикаловски;

2. Интерпелација за работата на претседателот на Републичката (Државна) Изборна Комисија Лилјана Ристова - Ингилизова;

3. Предлог на закон за денационализација;

4. Предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на законот за експропријација, со предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за гаранција на РМ по Договорот за заем по проектот за подобрување на енергетскиот систем, со предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во РМ со предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот аз територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со предлог на закон;

8. Предлог на одлука за основање и состав на комисија за европски и евроатлански интеграции;

9. Предлог за именување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства;

10. Предлог за именување заменици на основните јавни обвинители;

11. Предлог на одлука за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија;

12. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот добро на Јавната здравствена организација Медицински центар - Куманово;

13. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево;

14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Тетово;

15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Берово;

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Геронтолошки завод "13 ноември" - Скопје;

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Негорски бањи - Гевгелија;

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Специјалната болница за гинекологија и акушерство "Чаир" - Скопје;

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница Клиника за хируршки болести "Моша Пијаде" - Скопје;

20. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струга;

21. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот на народни игри и песни "Танец" - Скопје;

22. Извештај за работа на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатија со општествен капитал во 1997 година.

Дали некој од пратениците сака да преложи дополнување на дневниот ред.

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Бидејќи предлогот на Комисијата за финансирање и буџет не беше прифатен, што е чудно за ова Собрание, една точка да се симне од дневен ред како што е предлогот на законот за денационализација, во овој случај, според моето мислење, Комисија која е избрана од овој дом или треба да се разреши или треба да даде оставка. Меѓутоа, тоа е нејзина и ваша работа.

А, мојата е, јас предлагам од мое видување со многу длабоко, објективно и бескомпромисно решение и однесување, поаѓајќи од предлозите и барањата на многубројни граѓани, интелектуалци и експерти изнесени на разни трибини, ТВ емисии, и другите средства за јавно информирање, посебно на Собранието на здружението за заштита на правата на сопствениците на одземените имоти одржано на 29 март 1998 година, и доставено на 31 март 1998 година до Собранието на РМ, предлагам да се симне од дневниот ред точката, Предлог на закон за денационализација.

Многу кратко образложение: овој предлог на закон е во најеклатантна спротивност со одредбите на актуелниот Устав на РМ, посебно со членот 8 и 30. Овој предлог на закон е многу порестриктивен нехуман, дискриминаторски нема врска со денационализацијата, туку со нео национализацијата и тоа "суи генерис" од своја врста и на перфиден начин не само што им дава легитимност на сегашните сопственици на одземениот имот, со арсеналот на бившите ју-комунистички закони, туку репрезентира нови грабежи на многу поперфиден начин и нив ги овековечува, додека на бившите сопственици само им вети делумни решенија кои практично од субјективни и објективни причини не можат никогаш да се обештетуваат и претставуваат една обична фарса, една нова измама, манипулирање и замаглување пред очите на нашите чесни оштетени и други чесни граѓани.

Овој закон треба да го донесе новиот плуралистички состав на Собранието на РМ кога поранешните закони од оваа врста актерите и корисниците на туѓи имоти да се најдат на обвинителната клупа и ќе одговараат кривично, материјално и морално, било тоа да се живи или мртви и за злочини над невини луѓе со присилно извршување на таквите

и тогашни закони и за освета затоа што ја сакале самостојна, суверена и слободна наша убава држава Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа веќе гласавме, тој предлог не го ставам на гласање.

(Реакција на г-динот Сали Рамадани)

Ве молам, гласавме, седнете си на место, таму.

10 пратеници ако предлагаат исти предлог е гласано.

Ве молам седнете си.

(Реакција на пратеникот Сали Рамадани)

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас предлагам да се гласа за мојот предлог, со моето образложение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ако сте правник, а така се декларирате, морате да знаете што тоа значи.

Седнете си на место, ве молам.

Немојте да правите проблеми г-дине Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Немојте со таков тон, јас сум пратеник со мандат, да ми кажете седнете.

II/9

Јас го ставам мојот предлог, може вашиот е перфиден, мојот е прав народен предлог кој би преставува не само Албанците, можеби најмалку туку сите оштетени граѓани во оваа грабечка РМ.

Молам да се стави на гласање и немојте со таков глас, со таков тон со мене. Јас сум пратеник со мандат, а вие?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

А, вие седнете си на место, таму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Абдурауф Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Еве некако мене пратеничката група ме одредија да се занимавам и со проблемите на здравството иако не сум здравствен работник, меѓутоа, бидејќи немаме лекар јас морам и тие работи да ги обавувам.

За денешната седница предлагам да се изготви односно да се даде една усна информација во однос на последните измени кои се случија во здравството односно во новиот начин на работа на здравствените организации како државните така и приватните, па би ве молел, ако може, ако не денеска барем утре, ако продолжи оваа седница, во текот на оваа 88-ма седница министерот за здравство да ни даде една усна информација за сите овие состојби, за сите овие измени и покрај тоа што има доста нејаснотии, доста недоречености во самиот начин на работа на тие здравствени организации, па верувајте доста граѓани ни се обраќаат не прашуваат како е најдобро да ги обавуваат своите должности односно да бираат лекар и ред други работи кои реков не се јасни и би било добро од оваа говорница министерот овие работи подобро ги разјасни за да можеме ние пратениците....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Пруси како да гласи информацијата?

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Информација за состојбите мислам најновите состојби во работата на здравствените организации.

Благодарам.

III/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, да се произнесе бидејќи министерот за здравство не е тука.

Има збор господинот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мислам дека интересот на пратеникот се однесува на активностите кои се присутни во рамките на Министерството за здравство околу спроведување на одредени законски решенија на дело.

Според тоа, не станува збор за најнови состојби, туку тоа се тековни активности кои се реализираат. Ако е тоа од интерес, а во врска со она што претпоставувам дека го интересира господинот пратеник околу матичниот лекар, мислам дека на тоа прашање може да се добие одговор низ форма на пратеничко прашање и се надевам дека таа форма ќе го задоволи интересот на господинот пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот има право да бара информација од Владата од ресорното министерство тоа не е спорно.

Господине Пруси, да го ставам на гласање вашиот предлог?

Молам, кој е за предлогот на господинот Пруси да крене

рака? (14)

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претеседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Предлагам, со оглед на тоа што оваа седница подолго ќе трае, Владата да подготви Информација за состојбите во Скопската стаклара,

односно поточно во "Стакло-кристал" делот кој по приватизацијата отиде повторно во стечај и во делот од поранешната Стаклара во "Стакло-кристал' каде со одлука на Судот беше донесено присилно порамнување и каде не беа извршени тие судски обврски, имено не се платени заостанати придонеси на околу 400 работници.

Доколку претставниците на Владата дадат цврсто уверување дека можат тоа да го сторат на првата наредна седница јас би се согласил со тоа барање евентуално на наредната седница да биде презентирана таква информација за состојбите во Скопската Стаклара поточно во "Стакло-Кристал" со посебен осврт на оној дел каде што по присилно порамнување не беа исплатени обврските на работниците во "Стакло-Кристал " .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што пратеникот за изработката на таа информација најави дека е можна за наредна седница ние прифаќаме и можно е да се изработи за наредната седница една таква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Врз основа на член 32, 56 и 99 од Деловникот на Собранието на Република Македонија барам Владата на РМ по скратена постапка на 88-та седница која веројатно ќе трае подолго како што кажа претседателот,

на Собранието да му поднесе инфомација за случувањата односно спроведувањето на Законот за стечај во случај на Акционерското друштво Агрокомбинатот "Лозар" од Велес по донесувањето на одлука за поведување на стечајна постапка во оваа фирма.

На почетокот би сакал да кажам дека воопшто барањето не е во спротивност со Деловникот и не може да значи мешање во надлеж-ностите на судската власт затоа што според член 91 став 1 од Уставот на РМ Владата на РМ има обврска за утврдување на политиката на извршување на законите и другите прописи и на Собранието му одговара за нивното спроведување, значи за спроведување на законите.

Оваа информација ја барам од следните причини заради огромните штети со долгорочни и несогледливи последици за опстанокот и иднината на Агрокомбинатот "Лозар" од Велес и неговите над 1000 постојано вработени и преку 300 сезонски работници од случувањата во моментот во Агрокомбинатот "Лозар" од Велес заради очигледно непрофесионалните и политички зависните одлуки на дел од надлежните органи што ја доведува во прашање независноста на судството во Република Македонија потоа заради индициите дека стечајот е отпочнат поради внатре партиски ривалства и борби за превласт и позиции во рамките на СДСМ во општина Велес потпомогнати од поединци на високи позиции и во соработка со поединци од Судот во Велес.

Заради притисоците врз судиите кои се на штета на Агроком-бинастот "Лозар" и на неговите вработени. Исто така заради чудните одлуки кои во последно време се донесуваат од страна на Судот во Велес или во 15,00 часот на крај на работно време еден ден како што е случајот со "Лозар" пред потпишувањето на договорот за приватизација со Агенцијата или на месец и нешто по стапувањето на сила на новиот закон за стечај кој создава многу поинакви услови за стечајната постапка

и за правата на вработените и доверителите во стечајните претпријатија или како што беше случајот со донесување на решение за поведување стечајна постапка во Трговското претпријатие "Велес-пром" на 31 декември 1996 година непосредно пред Нова Година односно во очи на Нова година.

Заради тоа што оваа одлука е донесена така како што е донесена потоа е вратена на преиспитување од страна на Апелациониот суд со што јас верувам дека правдата на крајот ќе биде истерана и дека тие што доведуваат оваа реномирано претпријатие кое на времето било без конкуренција најуспешен агрокомбинат во Републиката дека ќе застане на цврсти нозе за доброто на сите вработени - кои се над 1300 во општина Велес.

Барам, доколку е во состојба, Владата макар усна информација, бидејќи оваа седница може да потрае и две недели, да поднесе ваква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Коцевски, дали барате само за стечајот за "Лозар" или информација само за "Лозар".

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Постапката за отворање на стечај е во исклучителна надлежност на судовите. Владата не гледа потреба да презема обврски да изработи ваква информација од претходно кажаните причини. Притоа не сметам дека треба да се впуштам во коментар на "фактите", кои беа изнесени во образложението по барањето на информацијата затоа што мислам дека тие не се во функција на надминување на состојбите во "Лозар" - Велес кои состојби ние настојуваме преку глобалната макроекономска политика да ги подобриме и се надевам дека ефектите ќе бидат видливи. Тие се веќе видливи.

III/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема потреба господине Коцевски да водиме полемика, Вие предложивте Владата се произнесе дека не прифаќа предлог.

Господинот Коцевски има дополнително објаснување.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ќе повторам дел од тоа што го кажав за да го уверам господинот потпретседател на Владата дека не е во право, може тој да кажува што сака, меѓутоа, Уставот многу прецизно кажал во членот 91 став 1 алинеја 1 се вели: "Владата на РМ - ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорно за нивното извршување". Јас намерно така го формулирав барањето Владата да даде информација за извршувањето на законите во случај кои доведоа до ваква состојба во Агрокомбинатот "Лозар". Тоа би го аргументирал со следните причини дека тоа што се случува во Агрокомбинатот "Лозар" не е резултат на неработењето во Агрокомбинатот, туку дека е од политички мотивирани причини покажуваат фактите дека доколку законот треба да се гледа како што во моментот го гледаат стечајните судии во Велес првите услови за покренување стечајна постапка во Агрокомбинатот "Лозар" од Велес биле исполнети веднаш по излегувањето односно по престанувањето на важноста на Законот за 23-те односно 25-те загубари во РМ. Значи уште во март 1996 година била блокирана сметката на Агрокомбинатот "Лозар". Зошто токму сега еден ден пред потпишувањето на договорот за приватизација и еден месец пред стапување во сила на новиот закон за стечај надлежните органи се одлучуваат да поведат судска постапка мене ми е многу чудно и сомнително а на вас незнам.

III/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Бузлевски, ве молам според деловникот за ова само се гласа, не се води полемика.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Може сто пати да повтори господинот пратеник и сто пати да прочита од Уставот сепак нема да ме убеди дека Владата ќе треба да се меша во одбивањето на судските постапки. Тоа е прво.

Второ, некои привиденија кои може да се случувале можеби некому му се привиделе ние неможеме да ги согледаме.

Трето, не е точно дека ден пред потпишување на договорот тоа се случило затоа што Програмата на Агрокомбинатот "Лозар" за приватизација нема добиено виза од Агенцијата за приватизација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам не водиме полемика.

Кој е за, предлогот на господинот Коцевски, молам да крене

рака? (17)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој пратеник има да предложи дополнување на дневниот ред? (Нема)

Ве молам кој е за предложениот ред да крене рака? (66)

Дали има против? (7)

Дали има воздржани? (3)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за стопанство Борис Рикаловски.

Интерпелацијата и дописот на министерот за стопанство Борис Рикаловски со кој известува дека на седницата на Собранието ќе даде одговор на наводите во Интерпелацијата, Ви се доставени.

III/8.-

Отворам претрес.

Дали некој од подносителите на Интерпелацијата сака да даде образложение?

Ве молам тоа е деловничко право што мисли ако мисли дека уште нешто треба да одговори самиот може да се определи за тоа, но деловничко право е на предлагачите на интерпелацијата да ја образложат интерпелацијата ако сакате, не морате.

Има збор господинот Рикаловски, министер за стопанство.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Господине претседател на Собранието, господа пратеници, Од текстот на образложението на Интерпелацијата произлегува дека основна причина за нејзинот поднесување е наводно моето лошо информирање на Владата на Република Македонија и јавноста за состојбите со снабдувањето со нафтени деривати на домашниот пазар, со тоа што сум ја навел Владата на чекори со кои се нанесени штети на граѓаните, стопанството и земјата во целина.

Исто така, според наводите во Интерпелацијата, во мојата иницијатива и предлог за оневозможување на слободен увоз на нафтени деривати од Република Хрватска сум ја компромитирал Владата, сум го дезавуирал своето министерство и соработниците како и повеќемесечната работа на Владата врз подготовките и склучувањето на договорот за слободна трговија со Република Хрватска за што наводно сум користел некои свои билансни проценки различни од оние кои биле изготвени и користени при преговорите за склучување на договорот.

Понатаму во Интерпелацијата се тврди дека со заклучокот со кој Владата цитирам: "го оневозможи увозот на нафтени деривати врз основа на договорот за слободна трговија со Република Хрватска", погрев но се штити домашното производство опасно се суспендираат обврските ва правните лица што се воспоставени со закон, се доведува под сомнение нашата подготвеност за создавање на ефикасна пазарна економија и т.н., и дека тој заклучок Владата го донела под мои инструкции и изнуда повладувајќи му на моето наводно погрешно разбирање за заштита на домашното производство и при сето ова господа пратеници Пратеничката група на ЛДП тврди дека моите

иницијативи и залагања во врска со увозот од Република Хрватска се засновани на приватни интереси.

На самиот почеток од излагањево сакам да изјавам дами и господа пратеници дека наведените и други овде не спомнати тврдења од поднесената интерпелација категорички ги одбивам и ги сметам за неосновани, неаргументирани и крајно тенденциозни. Притоа со особено длабока индигнација го одбивам тврдењето дека моите залагања и иницијативи се засновани врз приватни интереси и барам подносителите на Интерпелацијата своето вакво тврдење да го објаснат и аргументираат пред овој висок дом бидејќи во текстот на интерпелацијата освен инсинуации не е изнесен ниту еден факт.

Очигледно е почитувани пратеници дека привремената мерка на Владата на Република Македонија по однос на промената на режимот на увоз на нафта и нафтени деривати од Република Хрватска е централниот мотив за покренување на инцијативата од страна на пратеничката група на Либерално-демократската партија. Затоа најпрвин дозволете ми на ова прашање да се осврнам.

На почетокот сакам да подвлечам дека Владата на Република Македонија, а со тоа и јас како нејзин член во своите активности целосно се раководеше и се раководи во духот и содржината на договорот за слободна трговија со Република Хрватска наполно свесна дека тој договор претставува инструмент на развој и интензивирање на стопанската соработка меѓу двете земји и е дел од генералната политика на оваа Влада за што е можно поуспешно поврзување на нашиот стопански простор со оној на регионот и пошироко.

Примената на овој договор како впрочем и оние со другите земји веќе има позитивен одраз врз заживувањето и зголемувањето на стоковната размена меѓу двете земји што беше и основна цел.

III/10.-

Меѓутоа, уште на самиот почеток на примената на договорот се појавија извесни аномалии чие постоеше е спротивно на духот и целите за кои тој договор е склучен, а кои се манифестираат со неповолно влијание врз домашното производство на одделни производи во Република Македонија.

Имено, непосредно по ратификацијата на Договорот на 28 мај 1997 година ОКТА укажа дека неговата примена може да има негативни последици врз домашното производство на нафтени деривати бидејќи врз основа на тој договор Република Хрватска стана единствената земја од која нафтените деривати можеа да се увезуваат без никакви количински ограничувања и ослободени од сите карински давачки. Од сите останати земји нивниот увоз се врши со примена на режимот ЛБ-7 што значи со добивање на соодветна согласност од Министерството за стопанство кое при издавањето на таквите согласности се раководи од билансните состојби на енергетскиот биланс на земјата односно можноста или не тие производи да бидат обезбедени од домашно производство.

За жал, многу бргу се покажа како точна претпоставката дека таквиот начин на увоз на деривати од Република Хрватска ќе предизвика негативни последици врз домашното производство. За многу кусо време од стапувањето на сила на договорот од Република Хрватска нагло почна да се увезуваат големи количини на нафтени деривати. Така во периодот јули-декември 1997 година се увезени околу 80 илјади тони енергетски деривати за разлика од првото полугодие кога од оваа земја се увезени само симболични количини. Единствената разлика помеѓу првото и второто полугодие беше во тоа што во второто за увоз од Република Хрватска веќе не требаше да се бара согласност од Министерството за стопанство што значи дека увозот можеше да се врши сосема слободно без било какви ограничувања.

III/11.-

Овде би сакал почитувани пратеници, да истакнам според мене, значаен факт кој претпоставувам дека не им е познат ни на дел од потписниците на Интерпелацијата, а тоа е дека помеѓу единствениот хрватски извозник и најголемиот увозник од Македонија постигнат е "џентлменски договор" за ексклузивитет во набавките поради што други заинтересирани претпријатија од Република Македонија се одбивани и не им е давана ниту понуда. Како може да се оквалификува таквата постапка со какви цели е направена и какви последици може да предизвика оставам дами и господа вие сами да процените.

Ваквата состојба со увозот, а имајќи предвид дека увозникот е далеку најголемиот дистрибутер на нафтени деривати во Република Македонија особено на оние што се дистрибуираат преку пумпни станици предизвика драстично намалување на продажбата на овие производи од домашно производство и како последица на тоа доведе до пораст на залихите, т.е. исполнувањето на складишниот простор на одделни производи кај домашниот производител. Тоа предизвика производството да се одвива со чести долготрајни прекини и во залихи да бидат замрзнати големи финансиски средства. Колку за илустрација од денот на ратификацијата на договорот до крајот на годината од вкупно расположливи седум месеци пет ипол месеци или точно 168 дена производството во Скопската Рафинерија беше во застој.

**IV/1 – ПЈ/ОМ**

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:** (Продолжение)

При тоа , целиот тој период, поради задоволување на претежниот дел на потрошувачката во земјата со производи од увоз, залихите кај домашниот производител само кај бензините изнесуваа 30 до 40 илјади тони и во нив беа заробени 9 до 12 милиони американски долари. Оваа состојба уште повеќе го изостри хронично постојниот проблем од недоволен обем на обртни средства кај Окта, што исто така, претставува ограничувачки фактор во напорите за обезбедуваше на континуитет за нејзиното работење.

Од друга страна, обезбедувањето на потребите на одделни нафтени деривати исклучиво од увоз, непосредно пред почетокот и во текот на грејната сезона, за последица имаше снабдување на стопанството на земјата со мазут со цени , кои во одделни периоди беа повисоки од домашните за преку 20%. Се разбира, дека тоа имаше мултиплицирано негативно влијание врз трошоците на работењето кај поголем дел на стопанските субјекти во земјата. Релативно пониската цена на бензините од увоз не можеше да биде компензатор на ваквите негативни ефекти врз стопанството, поради тоа што далеку најголемиот дел на овие производи има карактер на лична потрошувачка.

Свесни за тоа дека примената на договорот за слободна трговија може да предизвика токму такви обострано несакани последици, авторите на договорот, дами и господа, не случајно предвиделе и соодветен заштитен механизам содржан во членот 26 од Договорот кој гласи:

"Кога некој производ се увезува во зголемени количини и под такви услови, што тоа предизвикува или може да предизвика, а сериозна штета на домашните производители на слични или непосредно конкурентни производи на територијата на договорната страна, увозник или Б, сериозни пореметувања во која и да е сродна стопанска гранка или тешкотии

што би можеле значително да ги влошат стопанските услови на одредено подрачје, засегнатата договорна страна може да воведе соодветни мерки под услови и согласно постапката наведена во член 30 од овој Договор".

Сакајќи да се спречат односно елиминираат наведените негативни последици од примената на Договорот, а поаѓајки од цитираниот член 26 и применувајки ја постапката од член 30 на Договорот, прашањето на соодветно регулирање на увозот на нафтени деривати од Република Хрватска, од македонска страна во периодот септември 1997 година, ја-нуари 1998 година, беше 7 пати покренувано пред високи претставници на Владата на Република Хрватска. Тоа е направено на средби посветени исклучиво на ова прашање, како и на средби по други поводи од страна на претседателот на Владата на Република Македонија, потпретседател- ката на Владата, од министерот и заменикот министер за стопанство, како и од копретседателот од мешовитата Комисија за стопанска соработка меѓу двете земји.

Сметам дека е значајно да се истакне дека при сите овие контакти, хрватската страна, што значи премиерот на Хрватска, министерот за стопанство, копретседателот на мешовитата Комисија и други, имаат целосно разбирање за покренувањето на ова прашање и со ништо не ја оспоруваа потребата за изнаоѓање на начин за надминување на проб-лемот. Меѓутоа, и покрај таквиот општ позитивен пристап дефинирањето на решението се одолговлекуваше , а во меѓувреме договарањето и сипораките на нафтените деривати од хрватска значително се интензивираа, што водеше кон нагласено зголемување на негативните последици по домашното производство и начинот на реализацијата на енергетскиот биланс.

IV/3.-

Поради тие причини Владата на Република Македонија на својата седница од 26 јануари одлучи за увозот на дериватите од Република Хрватска привремено да се применува режимот ЛБ-7. Почитувајќи ја постапката предвидена со Договорот, воведувањето на ваквата мерка уште еднаш е образложено на седница на мешовитата Комисија на двете земји, при што се прецизирани одредени натамошни постапки во врска со соработката во нафтениот сектор. Притоа, значајно е да се истакне дека хрватската страна на никаков начин не ја услови стоковната размена во останатите области.

Како што може да се види од изнесеното, почитувани пратеници, мерката на Владата на Република Македонија за ставање на увозот на нафтени деривати од Република Хрватска на режим ЛБ-7, што е напад- ната од страна на пратеничката група на ЛДП е целосно заснована на интенцијата на Договорот за унапредување на меѓусебните економски од- носи помеѓу Република Македонија и Република Хрватска врз принципот на взаемна корист и е донесена во процедура која е предвидена со Договорот. Оттаму, тоа никако не може да биде толкувано како негово дерогирање, слабеење или непочитување. Според тоа, неосновани се тврдењата дека со оваа мерка се суспендираат правата и обврските на правните лица воспоставени со закон, се нарушува рамнотежата на Договорот, како и дека со неа се доведува во прашање искреноста на определбата на Владата за градење на ефикасна пазарна економија и дека нејзиното донесување може да се смета како компромитација на Владата, нејзино дезавоирање односно дезавоирање на органи и поединци што учествувале во подготовката и склучувањето на Договорот, ниту дека со тоа се нанесува штета на граѓаните, стопанството и на државата како целина.

Имајќи ги предвид овие факти, почитувани пратеници, лично не гледам причина да ја бранам или оправдувам својата иницијативност,

ангажираност и улога во донесувањето на споменатата мерка на Владата, која ја сметам за потполно оправдана и потребна. Меѓутоа, поради моралната димензија на наводите изнесени во точката 4 од образложението на Интерпелацијата од кои произлегува дека оспоруваниот заклучок во врска со увозот на нафтени деривати од Република Хрватска, Владата на република Македонија не го донела врз основа на објективна оценка на состојбите, туку врз основа на мои инструкции , насочувања, притисок, изнудувања, како и повладување, принуден сум да истакнам дека ваквите тврдења се целосно неаргуемнтирани, неточни и злонамерни. Поради тоа, тие тврдења ги сметам како недолична навреда за мене лично и за Владата на Македонија, заради тоа што таквите постапувања се неспоиви со мојата непрофесионална и лична етика, ниту со методот на работа и етиката на Владата во целина и нејзините членови одделно. Толку во врска со заклучокот на Владата.

Во останатите делови на Интерпелацијата се коментираат редица прашања сврзани со моменталните состојби на Рафинеријата на сурова нафта, Окта од Скопје, преку која авторите на Интерпелацијата се обидуваат да ја потврдат својата теза дека Рафинеријата од стратешки објект се претворила, како што велат тие, во стратешка слабост на нашето стопанство, бидејќи вреднувајќи ги нејзините производи по светски цени, таа не може да ја покрие ниту вредноста на потрошената супстанца. Притоа, како факти се користат и редица нивни неповолни оценки за технолошката структура на Рафинеријата, квалитетот на нај-зините производи , нејзиниот рентабилитет, презадолженост и т.н., факти кои наводно јас намерно сум ги занемарил при активностите во врска со донесувањето на претходно коментираниот заклучок на Владата.

Јас, иако би можел , сепак, нема да се впуштам во подробен коментар на секое од тие прашања, бидејќи поради тоа што се работи за

прашања од тековното работење и развојот на конкретен стопански субјект, сметам дека е поупатно и покомпетентно нив да ги прокоментираат претставници на Окта. Меѓутоа, сакам да истакнам дека јас не сум ги занемарил наброените факти. Напротив, нив секогаш сум ги имал предвид, но тие за мене имаат друга поинаква димензија од онаа што им е дадена во Интерпелацијата. Поради тоа, на нив би се осврнал само глобално. Но, пред тоа на две од нив сакам кусо да се задржам, за да не се протолкува погрешно нивното ненапоменување.

Едното е врзано за наводното влијание, притисоците, уцените врз банките за отворање акредитиви на Окта. Категорички изјавувам дека тоа се измислици.

Второто, се однесува на многу експлоатираното тврдење во врска со плаќањето на акцизите од страна на Окта. Иако, порелевантен одговор можат да дадат претставниците на Министерството за финансии односно самата Окта, заради информирање на оние кои не се доволно упатени во ова прашање, сакам да истакнам дека не се работи за неплаќање или проштевање на билокаков износ на акцизи. Станува збор за овозможување на плаќање на рати на дел од обврските од 1996 година по динамика која обезбедува битно да не се наруши приходната страна на Буџет- от. Преостанатиот износ на плаќање е помал од околу 5% од вкупниот износ на акцизи од преку 4,4 милијарди денари, што Окта ги платила во 19 96 година. Ова е направено со намера да му се помогне на претпријатието да ги ублажи проблемите со ликвидноста настанати поради неправовременото покачување на цените на нафтени деривати во четвртиот квартал на 1996 година кога цената на суровата нафта значително се покачи над нивото содржано во цената на дериватите. Впрочем, на ова прашање, колку јас се сеќавам, во една прилика пред ова Собрание се осврна и министерот за финансии на Република Македонија.

IV/6.-

Што се однесува до другите прашања сврзани со работењето на Окта реков, глобално говорејќи, сметам, дами и господа пратеници, дека постојните проблеми на ова претпријатие во основа не произлегуваат од неадекватната техничко технолошка структура, ниту од тоа дека наводно квалитетот на производите не е соодветен, па ако сакате ни од моментално ниското ниво на искористеност на капацитетот. Техничко-технолошката структура е соодветна за да го обезбеди асортиманот и количините на најбараните производи на гравитациониот пазар со квалитет кој потполно одговара на нашите постојни стандарди и кои, не само што не заостанува зад оној на околните земји , па ниту зад оној на производите од Хрватска, на пример, туку најчесто и е подобар , барем од оној квалитет што го имаат увезените количини во земјата. Впрочем, со тоа сите ние како потрошувачи имавме прилика во тоа да се увериме во изминатите години.

Исто така неточно и мислењето дека поради наводно несоодветната техничко-технолошка структура Рафинеријата работи со загуба во супстанца. Но, особено погрешно во овој приод на подносителите односно иницијаторите на иницијативата , претпоставувам дека тоа не се исти лица, е тоа што сите нивни тези по однос на рентабилитетот на Окта, нејзината економска оправданост, влијанието врз стопанството на земјата, стандардот на граѓаните и т.н. се изразени , поаѓајќи од таканаречените светски цени т.е. котациските цени на нафтени деривати на светскиот пазар. Зошто е тоа погрешно? За да се одговори на ова прашање треба да се знае дека од вкупното производство на нафтени деривати во светот само околу десетина проценти се предмет на меѓународна трговија. Што ќе рече дека далеку најголемиот дел на тие производи се консумира на соодветните пазари на земјите производители. Количините на дериватите што се предмет на меѓународната трговска размена во принцип се оние , кои заради сезонски осцилации во

потрошувачката и други слични причини кај едни земји се вишок, а кај други недостаток т.е. тоа се количини кои служат само за пеглање на осцилациите на потрошувачката на домашните пазари, а не како извор на трајно и сигурно снабдување на вкупните потреби на нафтени деривати во една земја.

Оттаму, тие се нудат по цена , која, главно, ги покрива само трошоците на супстанцата или нешто над тоа. Покривање на другите трошоци, како и остварувањето на добивката се врши преку домашната рафинериска цена по која се реализира далеку најголемиот дел на нафтените деривати. Од овие причини домашните рафинериски цени на нафтените деривати поправило се повисоки, а во одделни случаи и значително повисоки од котациските цени на меѓународниот пазар. Еве неколку примери. На пример, просечно во текот на 1996 година цената на меѓународниот пазар на моторниот бензин од 98 октана била 205 долари и некоја запирка натаму. Во исто време , во истата таа година рафинериските цени, просечните рафинериски цени во Франција, на пример биле за 96 долари над овој износ. Во Германија за 192 долара повеќе. Во Италија 202 долари повеќе, во Шпанија 177 долари, во Велика Британија, која има сопствена нафта 66 долара. Во Јапонија 380 долари и во САД 92 долари, а и во Хрватска 115 долари.

**V/1 – ЈМ/ЉР**

**БОРИС РИКАЛОСКИ:** (продолжение)

Кај дизел горивата во овие земји што ги набројав по редоследот кој го спомнав разликите позитивни се: 110 долари кај Франција,169 долари кај Германија,174 долари кај Италија итн. до плус 60 долара во САД. А кај мазутот имате слични движења со тоа што таму разликите се нешто помали: Во Германија плус 14, во Шпанија плус 43, во САД плус 33 итн. Исто ваква тенденција имате и во рафинериските цени на Република Хрватска која не ги продаваше на нашите купувачи по тие цени, туку ги продаваше по пониски од причини кои ги објаснив пред тоа.

Очигледно е дека било која рафинерија во Светот независно од нејзиниот капацитет и техничко технолошка структура кога би ги продавала сите свои производи, или нивниот претежен дел по котациски цени не би можела да работи рентабилно. Се разбира дека тоа се однесува и на нашата Рафинерија. Затоа погрешно е нејзиниот рентабилитет и економска оправданост воопшто да се оценуваат земајќи ги како основа котациските цени на нафтените деривати. А особено е погрешно врз основа на тие елементи да се стави под сомнение стратешкото значење на ваков објект. За мене дами и господа таквото значење во ниеден момент не било доведено во прашање. Рафинеријата во Скопје со своето производство исклучително поволно влијаеше на стабилизирањето и сигурноста во снабдувањето со нафтени деривати на земјата. Потврда за тоа е фактот што од почетокот на нејзиното работење па до денес ако се исклучат извесните потешкотии предизвикани со познатото ембарго ниту еднаш не се почувствува криза во снабдувањето на земјата со овој вид енергија што во периодот пред тоа не само што беше честа појава, туку во одделни случаи имаше и драматичен карактер. Од тие причини лично верував дека оспорувањето на потребата од постоење на преработувачки капацитет од овој вид во нашата земја заврши со неговата изградба. Но, начинот и елементите

што се користат во интерпелацијата во врска со моменталните состојби во Рафинеријата упатуваат на заклучок дека таквите оспорувања не треба да се сметаат за минато.

Се поставува прашањето постојат ли нечии интереси, а можеби и намери да дојде до билансно, до целосно блокирање, а со тоа и ликвидирање на единствениот производител на нафтени деривати во земјата и на таков начин да се создаде простор за нечија доминација. Сакам да верувам дека не постојат, бидејќи тоа убеден сум долгорочно гледано повторно би не вратило во флуидна состојба по однос на сигурноста во снабдувањето со сите штетни последици што во минатото многупати ги почувствувавме.

Со ова дами и господа пратеници на никаков начин не се сака да се игнорираат, а уште помалку да се оправдаат субјективните слабости и пропусти во работењето на ОКТА. Без сомнение нивното надминување би имало забележителни позитивни ефекти. Меѓутоа, заради правилно согледување на излезните решенија од сегашната неповолна состојба неопходно е реално да се оцени димензијата на секој од присутните проблеми. Слабостите на кои се обидуваат да укажат авторите на интерпелацијата или не постојат, или се од второстепено значење. Сметам дека повторното воспоставување на некогашната содржајна и коректна соработка помеѓу производната и прометната дејност во нафтениот сектор на земјата засновани на почитување на взаемните интереси е од клучно значење за надминување на одделни слабости и за оптимализацијата на стопанисувањето во овој сектор. Неодамна потпишаниот Договор за соработка помеѓу ОКТА единствениот производител на нафтени деривати во земјата и Макпетрол најзначај-ниота субјект во прометната сфера во нафтениот сектор чии контури заеднички ги утврдивме во Министерството за стопанство уште во август минатата година претставува почетен и значаен чекор во таа насока.

Сакам да верувам дека овие почетни позитивни активности нема да бидат оптеретени со политички интереси, опструкции и партиски патернализам со што убеден сум беше инспирирано и поднесувањето на оваа интерпелација.

Верувајте почитувани пратеници дека со изнесените одговори ви дадов доволно аргументи поднесената интерпелација да ја оцените како неоснована и да ги одбиете барањата изнесени во неа.

Ви благодарам за вниманието со кое ме сослушавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа, како еден од подносителите на интерпелацијата очигледно е дека министерот Рикалоски имал триесетина дена време да се припреми и овде изнесе одредени аргументи со кои што сакаше да оспори некои наши факти изнесени во интерпелацијата. Сметам дека на предлагачите им е потребно ова што г-динот Рикалоски го изнесе да се симне од стенограмот, да ни се достави на нас предлагачите и од моментот на доставување на текстот на говорот на г-динот Рикалоски да ни се дозволи еден час пауза за да можеме добро да се припремиме за понатамошниот тек на расправата. Барам пауза еден час од моментот на доставување на текстот од говорот на г-динот Рикалоски.

V/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза до 16,оо часот.

(По паузата седницата продолжи во 16,35 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со расправа.

Кој бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници, Секогаш сакам да зборувам со документи и аргументи. Со оглед на тоа што причините за поднесувањето на интерпелацијата на широко ги образложивме во документот кој што го доставиме до Собрнаието на РМ. Во оваа прилика би сакал да се задржам само на неколку аспекти кои што сметам дека се битни и кои што ќе послужат за дообјаснување и доаргументирање на наведените факти кои што ги имаме ние внесено во интерпелацијата.

Сметам дека министерот Рикаловски точно ја лоцирал која е причината за поднесуваше на интерпелацијата, а тоа е заклучокот на Владата на РМ со кој се донесува привремена мерка по однос на режимот на увоз на нафта и нафтени деривати од Република Хрватска. Со оглед на тоа што овој Заклучок Владата на РМ го донела на база на параметрите од енергетскиот биланс на РМ барем од она што можевме досега да дознаеме, јас како еден од подносителите на интерпелацијата сметам дека Владата на РМ, а посебно Министерството за стопанство и

нејзиниот прв човек имаат еден несериозен однос по однос на ова прашање. Тој несериозен однос на Владата на РМ и на Министерството за стопанство и минситерот се состои во тоа што за еден сосема краток период од неколку месеци Владата на РМ носи две дијаметрално противставени одлуки, односно има две дијаметрално спротивставени гледишта. Имано, при усогласувањето на договорот за слободна трговија со Република Хрватска Владата на РМ односно Минситерството за стопанство и оние кои што преговарале по се изгледа не ги согледале добро состојбите со енергетскиот биланс во РМ и донеле една одлука за само после неколку месеци од спроведувањето на Договорот тие да согледаат дека направиле голема грешка. И врз основа на таа нивна направена грешка донесуваат заклучок за суспендирање на дел од обврските кои што произлегуваат од Договорот за слободна трговија со Хрватска.

Во своето излагање сметам дека министерот Рикаловски не покажа ни најмала доза на самокритичност да каже дека тие направиле грешка, односно направиле грешка при усогласувањето на Договорот. Министерот Рикалоски не не убеди барем со документи, со факти, зошто го донеле овој заклучок на седница на Владата на РМ. Оттука произлегува и мислењето, се наметнува мислењето дека сето ова е направено од аспект на некои лични, приватни интереси бидејќи во спротивно ние овде како пратеници ќе имавме достапни една низа на документи кои што ќе следеа како факти и аргументи за спротивно тврдење од она што ние го тврдиме во интерпелацијата. Ова го велам бидејќи или кога се усогласувал договорот тој што ги водел преговорите во име на Република Македонија пошол од приватни и лични интереси и го составил договорот онаков каков што ние го ратификувавме, или пак тој тогаш точно ги согледал позициите на енергетскиот биланс и постапил сосема исправно. Е сега некој, а тоа е Владата на РМ и

министерот Рикалоски тој точен исправен договор кој што тогаш е направен го суспендираа. Ако е така, тогаш мора некој да има одговорност, или тој што тогаш преговарал или овој што сега го донесе заклучокот со кој што го суспендира тој дел од договорот.

Владата на РМ објаснувајќи ја потребата за донесување на заклучокот кој што го донела на седница од 26 јануари оваа година, а и г-динот министер Рикаловски денес рече, цитирам дека заради увозот на нафта и нафтени деривати дојде до пораст на залихите т.е. до исполнување на складишниот простор на одделни производи кај домашниот производител. Тоа значи дека Македонија според тоа тврдење за извесен период е снабдена со доволни количини со нафта и нафтени деривати. Но што се случува? Само неколку дена после донесувањето на оваа Одлука со кое што Владата реков го оневозможив целосното исполнување на договорот во Република Хрватска,донесува една друга одлука, односно недоволно е познато дали е одлука на Влада на РМ, или се работи за нешто друго. Велат дека имаме нафта и нафтени деривати за подолг период. На 6 март оваа година Владата на РМ односно Министерството за стопанство на РМ објавува јавен повик за прибирање на понуди со јавно отворање за увоз на сурова нафта. Сега јас прашувам кога Владата на РМ и министерот Рикалоски ја кажаа вистината, на 26 јануари кога го донесоа Заклучокот за стопирање на увозот на нафта и нафтени деривати, или пак на 6 март кога рекоа, сега имаме недостаток на нафта, па мораме 60 до 70 илјади тони сурова нафта да увеземе. На ова прашање досега ние не добивме одговор. Во врска со овој јавен повик сметам дека министерот Рикалоски овде треба да ни одговори на неколку прашања. Имено, во кој Службен весник, во кој број на службен весник на РМ е објавена Одлуката на Владата со која се купуваат 60 до 70 илјади тони сурова нафта.

V/7.-

Второ, за чии потреби се набавките бидејќи во Одлуката за државни и стратегиски резерви во РМ стои дека се чуваат нафтени деривати, а не се чува за стратегиски и државни резерви сурова нафта.

Трето, зошто се набавува сурова нафта ако Владата и министерот Рикалоски објавија дека пазарот, а и складишните простори на домашниот производител се заситени со деривати за три до четири месеци. Ако е заситен пазарот, зошто Владата не купува деривати, туку купува сурова нафта.

Четврто, со чии пари се купува суровата нафта, дали се тоа буџетски пари и пари собрани од данокот на граѓаните на РМ. Ако се буџетски, тогаш се поставува и прашањето од која позиција пак ќе се платат тие 60 до 70 илјади тони нафта ако се знае дека позицијата за стратегиски резерви во Буџетот кој што го донесе ова Собрание на РМ таа позиција е 230 милиони денари. И од тие пари не може да се плати суровата нафта од 60 до 70 илјади тони која што сака да се набави. Тоа сето е објавено од страна на Министерството за стопанство на РМ.

Следно на што сакам да укажам, министерот Рикалоски со ништо во своето обраќање не успеа да не разубеди нас подносителите на Интерпелацијата дека не се нарушени токовите на слободна трговија. Ако имаме во предвид дека тоа е еден од главните услови за интегрирање на Македонското стопанство во светските стопански текови, сметам и тоа го наведовме во интерпелацијата дека со ваквиот чекор не само во областа на нафтените деривати, туку во целокупното стопанско работење е нанесена штета на стопанското работење, односно на стопанските субјекти во РМ. Исто така, нас никој документирано овде, а имаше време за тоа од моментот на поднесување на интерпелацијата до денес, не не убеди дека Хрватската страна нема да преземе контра мерки по однос на овој Заклучок кој што го донесе Владата на РМ. Од

она што можевме да прочитаме во медиумите да слушнеме, мене колку што ми е познато Хрватска сеуште ги нема донесено контингентите за увоз на земјоделски производи од РМ. Што тоа ќе значи за РМ на сите ни е познато кога ни беа затворени и Хрватска и СРЈ. Нели тоа ни зборува факт дека и хрватската страна ќе преземе контрамарки на ова, а да не зборувам повеќе колку ќе претставуваме сериозен партнер за разговори, преговори во меѓународните договори кои што треба понатаму РМ да ги обавува.

На крајот би завршил со следново. Каква е таа економска логика Владата на РМ да купува сурова нафта со буџетски пари наместо тука денес министерот да ни кажеше дека ние како Влада која што води исправна економска политика ќе се обврземе и ќе настојуваме што можеме повеќе да увезуваме нафта и нафтени деривати со компензациони зделки со извоз на стоки од РМ. Само како пример ќе ви кажам. Дојдов до еден податок дека РМ во 1997 година увезла нафта и нафтени деривати во вредност од 20 милиони долари од Хрватска. 32% од таа вредност на тие 20 милиони долари, или околу 7 милиони долари Македонија ги платила за извоз на стоки од домашно производство. И сега некој уште нас ќе не убедува дека овој Заклучок кој што го донесе Владата е многу исправен и за тоа никој не сноси одговорност. Јас сметам дека покрај оние објаснувања кои што ги имавме во интерпелацијата со овие уште неколку аргументи се обидов да ве убедам дека интерпелацијата треба да ја поддржите.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, чинот на интерпелација што го покренаа моите ценети колеги е чин на лична проценка. Имено, побарана е интерпелација од погрешен

министер, од погрешен човек и за погрешна интерпелација за нешто што претпоставувам е направено е од незнаење на фактите. Да се побараше од некој друг министер интерпелација за кој и јас мислам дека треба да си замине, ќе го поддржев предлогот. Но овде е направена грешка да се бара интерпелација од човек што во рацете држи аргументи, аргументи кои не прават дилема околу нашата одлука. Во барањето на моите колеги основниот мотив е заштита на трговскиот профит, профит кој во оваа држава се трудат сите да го створат, но многу тешко. Оние кои садат компири, пиперки, патлиџани, државата се обидува да им создаде услови, затоа што земјоделската работа е многу тешка и многупати бара да се има и среќа. Од потпишаните колеги за интерпелација на г-динот Рикалоски се сеќавам кога многупати станувaa од оваа говорница да го заштитат домашното производство. На сите ни е јасно дека на Запад се е поевтино до кај нас, сите знаеме дека зејтинот во Италија е поевтин, но ние не сме Монако и основната дејност да ни е купи, продај. Во оваа наша држава има многу ресурси кои треба да се заштитат и помогнат не од нешто што треба да го негира пазарното стопанство, туку да го заштитиме нашето постоење како држава. Најлесно е да бидеш трговец со курентна стока и еден телефонски разговор да направиш профит. Да не бидам и погрешно разбран, не е тоа ни погрешно, ни противзаконско. Но ќе ве потсетам во времето кога во поранешна Југославија кога и ние бевме дел од неа кога сојузниот претседател на Извршниот совет беше Милка Планинц. Во еден период снема на пазарите во цела Југославија зејтин. Рековме, среќа што го имаме Благој Ѓорев од Велес, снема прашак за перење, среќа што го имаме ОХИС и кафето го немаше, тука беше Агроплод - Ресен и на крајот со бензинот кога се виде дека среќа што ја имаме и Рафинеријата. Имавме неколку нафтени кризи во периодот на осамостојувањето кога велевме колку сака нека чини, само да го има. Најлесно е проблемите од овој вид да се решаваат со купување од надвор, но до кога и по која цена. Сериозноста на една

држава не се гледа по тоа дали ќе дозволи некој да ствара профит, тоа е нормално, туку да створи услови сите подеднакво да имаат можности во стварањето на профит. Јас лојалноста на државата не ја гледам преку Швајцарските банки, туку спрема сите нешта што овој народ многу тешко го заработува. А дали ОКТА треба да се уништи, тие што така мислат треба тоа да си го избришат од паметот, бидејќи оваа држава треба со векови да живее во услови што самата ќе си ги створи без да зависи од никого. Затоа ќе гласам против интерпелацијата на министерот Рикалоски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа министри, дами и господа пратеници, јас сум еден од потписниците на интерпелацијата за г-динот министер за стопанство г-динот Рикалоски. Сигурно не се јавувам во својство на адвокат да го бранам Макпетрол. Ни случајно немам намера. Макпетрол не може ни еден да го брани, Макпетрол сам се брани, тоа го покажува низ неговото успешно работење. Она што сакаше меѓу редови да го протне овде г-динот министер е стратешкото значење на ОКТА. Почитуваниот колега сега исто кажа за пиперки, патлиџани, зејтин, можеби ќе не убедеше дека ОКТА вади и нафта. ОКТА преработува нафта. Мора да се каже, а тоа мораше да го каже и министерот затоа што бил и директор на таа фирма на ОКТА дека работи со многу застарена технологија дека од 1982 година ништо не е инвестирано и немој да им се боде во уши на вработените луѓе во ОКТА дека ЛДП работи на штета против 1000 и нешто вработени луѓе во ОКТА. Ни случајно ние ова го покренавме за тоа да отвориме некои нови работи таканаречени нови октоподи во морето на октоподи, затоа што има многу инкриминирани дејствија, а не дека ОКТА треба да се затвори. Ни

случајно, ОКТА треба да се модернизира, ОКТА треба да биде стратешки објект и ние стоиме зад тоа и тие вработени таму над 1000 луѓе со фамилии да спијат мирно. Затоа што државата ако земе обврска треба да инвестира во ОКТА за да биде тој капацитет таков да биде рентабилен за Европа. Имено, што станува? Она што треба да го знаат вработените луѓе во ОКТА, а не го знаат за жал, затоа што не се достапни многу информации. Она што ги интересира сигурно вработените луѓе во ОКТА, тоа е како работи ОКТА, дали работи чесно и поштено, како и што се прави со акцизите. Тоа е една работа која треба да се спомне, а верувам дека тука и министерот за финансии ќе каже како се работи со акцизите. Знаеме, оваа држава донесе закон почитуваше на акцизите, знаеме како се плаќаат акцизите, знаеме дека на мала продажба се плаќаат двапати, на големо знаеме дека е 45 дена. Што е сега она што мене како пратеник ме испровоцира да зборувам за оваа злоупотреба ОКТА. Знаете што се случи? Не се плаќаат акцизите. Намерно се крши Законот за акцизи кој го донесовме со знаење на Владата, со амин на Владата. Зошто? Зошто да биде ОКТА бенефицирана и привилегирана како сите други фирми. Зошто да кажеме е растурен ЗИК, Овче Поле. Зошто таму не интервенира Владата, зошто не интервенира за ФАС - 11 Октомври и ред други фирми. И ЗИК Овче Поле е стратешка фирма. И таму има 3.500 вработени и ЗИК Куманово и Железара и ред други фирми. Зошто таму не се интервенира. Ако си зема обврска државата т.е. Владата да биде дежурен кривец, а е дежурен кривец, затоа што ќе го потпалиме огинот, потоа го гасиме, ете ние ве спасивме, држете се, нема да има проблем. Да, тоа е добро, туку она меѓу редови што се случува. Она што не кажа министерот, а требаше да каже, да знаете дека 4.500 тони произведува Рафинерија деривати за авиоиндустријата таканаречен керозин. Зошто не кажа министерот, по нашите автопати изгледа се возат авиони. Ако Макпетрол откупил 2000 и нешто тони херозин, во приватни фирми се

отидени над 2.500 тони. Зошто министерот не кажа. Тука имаме почитуван пратеник од Куманово МИТКОМЕРЦ неговата фирма, дали во Куманово возат со херозин, дали авиони се возат во Куманово. Неофицијални информации има 1.355 тони керозин. И зад сето тоа се молчи. Ова треба да го знаат вработените во ОКТА да знаат дека некој ги манипулира, а да не зборуваме за тоа како се набавува нафтата, под кои договори, како се преработува, дали нафтата чини на светскиот пазар 12 тони по барел, дали овде се прима по 17 Тие се работи што ги интересираат ваработените во ОКТА. Има многу фирми кои добиле. Она што почитуваниот наш колега МИТКОМЕРЦ не случај но добил. Овде имаме информација за многу пумпи кои се на пратеници министри од СДС. Зошто тие добиле? Е тоа треба да го знаат вработените во ОКТА. Затоа јас сум потписник на интерпелацијата затоа што се служат со инкриминирани работи. На тоа прашање да одговори министерот, а не да се повикува либерал-демократите лобираат со Макпетрол, го бранат Макпетрол. Ни случајно. Либерал-демократите се тие што сакаат да ја уништат ОКТА. Ни случајно. Либерал-цемократите се тие што им мислат лошо на вработените. Ни случајно. Од овие побуди треба да стане министерот и да каже, тука е и министерот за финансии да каже што е злоупотреба за акцизите, која е казната, дали знаел министерот и ако не знае носи одговорност и едниот и другиот, бидејќи почитуваниот колега Чадиковски кажа дека не е само министерот Рикалоски, сите министри треба да имаат интерпелација. Јас се сложувам со тоа дека мора да носат одговорност, дека се криви, ќе им дојде ред, пополека.

VI/1 ЛП/ЦТ

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (Продолжение)

Она што друго боде во очи, тоа е што Владата се наметна над Парламентот, Владата се наметна над државата. Ако ние сме за спогодба за слободна трговија со Хрватска, ние можеме само како парламент. Ова што сакаше да се повикува господинот министер на членовите 26 и 30 за спогодбата дека ќе се формира меѓудржавна или незнам каква комисија, од таа работа нема ништо. Ова е од една страна раскинато. Ова што ни читаше министерот е едно изветреано четиво, нема ништо, чиста демагогија беше. На многу места се заплетка министерот, што сигурно ќе стане, јас го повикувам да стане, пак ќе си станам јас да му одговорам многу работи. Да, прво треба да одговори за акцизите и за злоупотреба за керозинот. Тоа се двете работи што ги болат вработените во ОКТА. Кога станува збор за ние како држава - ние не сме сериозна држава. Која држава како парламент ќе ни прифати една меѓународна ратификација на спогодба? Владата може со обичен документ сите спогодби да ги поништи. Ова е нонсенс, ова е непознато и во меѓународната трговија и во меѓународното право. Никаде ова не постои. Постои постапка, рок од 30 дена, комисија на двете страни, Парламентот е тој што ќе расправа, овој законодавен дом и ќе ја носи одговорноста. Владата со една одлука непромислена го суспендира Парламентот, ја суспендира државата. Од тие работи ние заклучуваме дека целата оваа работа е наметната за лични интереси. Зошто? Не за тоа дали тука ќе бидат партиски интереси меѓу СДСМ кој ја поддржува ОКТА и ЛДП кој го поддржува Макпетрол. Ни случајно. Го отвораме прашањето за тоа што мислиме дека ова е нов октопод. Затоа. Кога зборувавме за ТАТ ни се смеевте, ама ете испадна ТАТ. Кога зборувавме за нелегален увоз, за сите работи кои сме ги покренале овде во Парламентот аргументите зборуваат, времето. Ќе забави месец, два, ќе

се види. Кој нас како држава ќе не смета за сериозен партнер, кога еден акт кој го донела државата Владата го суспендира. Мислам дека ова е непојмливо и не може вакви гафови да прави Владата. Дали министерот ова ќе го прокоментира, мислам дека ќе има доблест, дека нема да чита овојпат, ќе стане и ќе одговори на овие прашања.

Благодарам и гласам за недоверба на министерот г-дин Борис Рикаловски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Чадиковски, па потоа за господинот Митевски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Всушност не е реплика, но на мојот почитуван колега да му објаснам зошто ги спомнав патлиџаните, пиперките и краставиците. Нашата нафта е тоа. Третманот што сакам да биде на тоа, да биде како нафта да е, како нешто што е многу вредно. Тоа ми беше намерата, а не да правам некаква компарација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Митевски, реплика.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, навистина ми е многу жал што колегата ме предизвика да дискутирам и ја наведе мојата фирма

на која јас сум сопственик. Наведе многу лоши зборови на оваа говорница пред Вас и сигурно во јавноста. Меѓутоа, јас навистина жалам кога одредени луѓе, навистина иако се колеги, дискутираат за работи кои воопшто не им се познати. Ова е специфична материја и навистина треба да ја познаваш за да можеш да дискутираш за неа. Според тоа, ако колегата толку многу се залага за слободна трговија, пазарно стопанство, за слободна трговија со Хрватска, тогаш тој мора да се залага за пазарно стопанство пред се во Македонија. Според тоа, ако "Мит Комерц" купил керозин, што прво воопшто не е точен податокот кој е наведен и кој беше изнесен таму, тоа е ноторна лага, тоа го тврдам овде, а тоа може да се утврди со податоци, со доставување, со барање анкетна комисија, со доставување податоци од ОКТА и т.н., меѓутоа, нема причини "Мит Комерц" да не купи. Тоа е производ кој слободно го произведува Рафинерија и од сите производи на пазарот како правен субјект кој што егзистира "Мит Комерц" може да купи од сите субјекти. По чему да купува само бензин? Може да купува се ако се продава. Тоа е право на "Мит Комерц".

Според тоа, мислам дека е некоректен еден ваков однос спрема една фирма во која за жал успешно стопанисува со години, во која се вработени преку сто и нешто вработени, кои во овие тешки времиња до ден денес успешно работат и успешно живеат, а за жал "Мит Комерц" бил трет увозник по големина до завршувањето на ембаргото, после Макпетрол и Рафинерија "Мит Комерц" бил како увозник и кога било најпотребно уште во 1992 година да му кажам на колегата, во тоа време, нека се приберат податоци од Макпетрол, не сакам никако да го напаѓам Макпетрол, но нека се прибават податоци кога "Мит Комерц" прв по државни цени продал 2.000 тони нафта, донел на Макпетрол и околу 1.000 тони моторни масла, кога беше првото ембарго и кога беше затворена Македонија, кога беа оние редици.

Според тоа, за да се зборува нешто, навистина треба да се познава таа материја и да се знае како течела. Според тоа, "Мит Комерц" ништо не можел да ушеќари и да купил керозин во крајна линија, ниту да ја пројде државата, бидејќи било Макпетрол да го купил тој керозин било "Мит Комерц" го плаќа по иста цена. Според тоа, тоа е државна цена и според тоа што "Мит Комерц" на тоа ќе заработел или ќе изгубел. Во крајна линија, можам и ова да кажам за јавноста и навистина ми е жал што вака еден колега истапува на говорница против мене како колега и против една фирма. Многу сум изненаден, јас сега веќе ќе морам да дискутирам и понатаму, меѓутоа, ова само како одговор бидејќи јас сум од Сојузот, од Либералната партија, не од Либерално-Демократската партија, па поминав како пратеник во Социјал-Демократскиот сојуз и до ден денес тврдам откако сум поминал во СДСМ јас не сум добил ниту една дозвола за било што во поглед на нафтените деривати, дали се работи за увоз или за било какви работи и според тоа нема смисла на таков начин да се дискутира. Затоа, оваа материја нека се научи, па тогаш да се дискутира и да се бараат интерпелации на министри и тн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

За ова научно излагање на г-динот Драган Митевски околу што е керозинот и дали се плаќаат акцизи или не, јас би му кажал вака. Керозинот е тој што не се плаќаат акцизи, односно не се плаќаат акцизи за да се стимулираат авиокомпаниите, за да се стимулираат, државата го обезбедила тоа, да можат да летаат.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:** (од место)

А за што да не се стимулира "Мит Комерц". И кој вели дека не се плаќаат акцизи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место, Ве молам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

"Мит Комерц" како приватна фирма може да купи и керозин, но треба да плати акцизи. "Мит Комерц" не плаќа акцизи, тоа е разликата што треба да ја знаат граѓаните кои работат во ОКТА. Еве зошто, ако е цената 24 денари, акцизата треба да биде 12 денари, 8 денари остануваат во џебот на "Мит Комерц" и неговата фирма. Тоа е науката на "Мит Комерц". Јас сум против тоа, не да си ми колега, било кој. Со тоа ти ја оштетуваш државата. А тоа што ти даваат тебе некој дозвола, за тоа ние покренувам, тука е и министерот. Ти не си ништо виновен. А тоа што си се исплакал, што си отишол кај СДС, СДСМ што мислиш, така ќе те прими? Тие ти даваат јајце, гуска ќе ти земат. Сите што ќе одат кај СДСМ се знае што ги чека. Нема таму милост. Тие отпадници несакаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Навистина морам да кажам дека ми е жал, никогаш вака не сум дискутирал од оваа говорница. Секогаш сум настојувал да бидам коректен и конструктивен во дискусијата, меѓутоа, сега навистина морам некои работи да појаснам.

Јас прво кажав и одговорно тврдам дека "Мит Комерц" нема никакви керозини купувано и тврдам дека тука не се работи за никакви акцизи и незнам какви 14 денари, какви 10 денари, со какви се бројки се служи, незнам од каде тие податоци. Ако ти работиш со рафинерија или било кој да работи или колегата Слободан Даневски да се јави како купувач, таму има утврдено државна цена по која ти можеш да купуваш. Натамошната употреба е друго прашање. Дали ти тој производ го употребуваш за намената за која е, или го употребуваш за намена за која не е, тоа е друга одговорност. Меѓутоа, во поглед на купувањето и плаќањето тоа е слободна трговија. По чему да може Макпетрол да купи, а да не може да купи "Мит Комерц". Ако има посебно овластување, одлука, закон донесено да видиме, презентирајте го тоа, да го слушнеме. Мислам дека нема смисла на ваков јазик да се разговара, заради тоа што јас можам да кажам некои работи многу повеќе од кои Вас колега многу повеќе ќе Ве заболи. Според тоа, нема смисла на оваа говорница да изнесуваме некои работи кои воопшто не ни служат на нас на чест како пратеници и како граѓани и оваа наша јавност, ако сакаме да правиме некој рејтинг го правиме на товар на некој си друг со неаргументирани и измислени податоци.

(пратеникот Слободан Даневски се јавува за збор, на што претседателот реагира).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, ова е кавга, не реплика, Ве молам, ништо.

Па не можете цел ден Вие двајца да разговарате, Ве молам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

За тоа е Парламентот, да се објаснат. Парламентот е да се објаснат работите. Кога утврдуваме дневен ред, ни треба цел ден, сега кога е отворена материјална расправа. Да не ме разбере погрешно господинот, би го прашал, дали има набавено керозин и по која цена, на кои авиони ги има продадено, бидејќи, ако Слободан Даневски измислува вакви работи, постои одговорност, постои суд, јас ги сносам сите морални и материјални работи, постои суд, тужете ме. Ако Вие сте набавиле, тогаш дали треба јас Вас да ве тужам. Кажете ми на кои авиони го продадовте. Знаете дека државата пропишала и пропис, направила договор со Макпетрол, Макпетрол има ексклузивно право да ги снабдува сите авиокомпании. Зошто? Заради безбедноста и сигурноста. Треба посебни цистерни, посебно обезбедување, посебен транспорт и посебен режим, и за чување и за транспорт. Од тие причини е направена грешка. Сега се отвора ново прашање, да се активира комплетно инспекцијата кој ја дал дозволата, кој е тој републички инспектор, зошто е дадено да се транспортира керозин за безбедноста на патишта. Тука се поврзани многу работи. И немојте, немам јас ништо против "Мит Комерц" ако вам СДСМ Ви дава, продавајте керозин, но авиони немате Вие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Митевски.

ДРАГАН МИТЕВСКИ:

Да кажам само две реченици. Ќе ве молам за трпение. Сега не можам да разберам дали се бара интерпелација на министерот или се бара на Драган Митевски како пратеник или на "Мит Комерц". Само тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници, денес на дневен ред е интерпелација за работата на министерот за стопанство на Владата на Република Македонија г-дин Борис Рикаловски, поднесено од група пратеници од Либерапно Демократската партија. По повод оваа точка од дневниот ред сакам да кажам и јас нешто.

Добро е што е поднесена оваа интерпелација за работата на министерот Борис Рикаловски, како форма на демократско однесување во Собранието на Република Македонија. Интерпелацијата ја прочитав во целина и тоа неколку пати и во неа не видов нешто сериозно, некои сериозни констатации за кои работата на министерот Борис Рикаловски би се довела како значение на некои аргументи во прилог на таа интерпелација поднесена до самите пратеници од ЛДП. Особено тоа што

ми беше и намерата да истакнам тука е и писмото што во меѓувреме го добивме од самата Народна банка на Република Македонија за продадените девизи, девизни средства од девизните резерви за увоз на нафта и нафтени деривати. Тука во писмото што е пројдено од Народната банка на РМ е даден период, заправо одделни периоди, дадените девизни резерви за Рафинеријата ОКТА, за Макпетрол и вкупно колку девизни резерви се дадени за увоз на нафта и нафтени деривати.

Да напомнам, ова писмо сите пратеници го имаме и она што е наведено во самата интерпелација од групата на ЛДП за период од 1.01. до 31.12.1997 година од Народната банка се дадени 23 милиони и 600 илјади американски долари, додека на Макпетрол се дадени 26 милиони долари. Вкупно тоа се 49 милиони и 600 илјади американски долари. Потоа, за периодот од 1.01. до 3.04.1998 година 4 милиони и 850 илјади долари се продадени на Рафинеријата ОКТА, додека на Макпетрол се 6 милиони и 700 илјади американски долари или вкупно 11 милиони и 550 илјади американски долари.

Јас навистина повеќе немам што да кажам поопширно и да се задржам на расправата по повод покрената интерпелација по група пратеници од ЛДП против министерот за стопанство Борис Рикаловски. Сакам да истакнам дека моето внимание го привлече една констатација во поднесената интерпелација. Имено, во неа на страница 2 се истакнува, исто така и во писмото што ни е поделено денес е цитирано и од самата Народна банка на Република Македонија, цитирам: "Деловните банки подолго време одбивале да отворат акредитиви на ОКТА бидејќи таа била бунар без дно, меѓутоа, изложена на голем притисок и закана од страна на Владата и раководството на Народната банка на Република Македонија, деловните банки биле принудени да отворат акредитиви за ОКТА. Иако со тоа отстапуваат од принципите на

банкарското работење". Мене би ме интересирало на кое раководство од Народната банка се мисли, бидејќи оваа банка имаа Совет како највисок орган и колегиум. Колку што ми е познато, во Советот на Банката, кој е носител на монетарната и девизната политика во земјата, подолго време е член поранешниот наш колега Петар Гошев и претседател на Либерално Демократската партија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

А во колегиумите на Народната банка под тесното раководство на поранешната Либерална партија г-ѓата Душанка Ристова, денешен вице гувернер на банката. Од изложеното извлекувам личен заклучок, а се надевам дека го делам и вашето мислење дека кога би се работело аз некој притисок од страна на Народната банка за остварување на кредитиви врз деловните банки, тогаш тој нормално можел да биде само во корист на Макпетрол, како што е и наведено во самото писмо што Народната банка го има поделено пред сите пратеници а не во корист на Окта. Меѓутоа, јас немам сознание да било кој притисок, ниту од страна на Владата, ниту од страна на Народната банка на РМ врз деловните банки за отворање на акредитиви во корист на Окта.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, имаме можност од оваа говорница да се изјасниме по интерпелацијата интерпелација како чин преку кој се расправа за одговорност која спрема мене е една од битните чинители на демократското општество, преку кое се остварува контрола на одговорност на носителите на јавните функции.

Во овој Парламент како претставници на граѓаните ги избравме членовите на Владата, па спрема тоа и сите одговорности од ресорните министри треба пред се преку вакви интерпелации да ги бараме по нив да се изјаснуваме, да ги осознаеме состојбите во сите области, кој ги покриваат поедини министри, а осознавајќи ги ние како претставници на граѓани, сметам дека и граѓаните ќе ги осознаат на- вистина вистинските

состојби кои се случуваат по поедини области, кои ги покриваат министрите.

Кога зборувам за одговорност во демократските општества таму каде што се во почетните фази на развој и во фаза во која сме ние во другите демократски друштва, покрај оваа одговорност наречена интерпелација, барање на одговорност за направена грешка, постои уште една друга одговорност која во развиените демократски општества ја викаат одговорност пред себе. Таму одговорност исто така се остварува во овие демократски општества и таа се остварува со чинот оставка. Оставка мотивирана од неможност од одредени тела, во овој случај во Владата да се остварат идеи и проекти за област за која сносат најголема одговорност, пред се мислам на некои министри кои во минатото период беа во редовите на нашата Влада. Интерпелации морам да кажам дека имавме многу. По барање од група пратеници, од пратенички групи, меѓутоа, сведоци сме дека ниту еден во минатиот период министер не поднесе оставка, иако во деловите, во областите се случуваа такви дејствија кои и те како бараа министрите да поднесат оставка. Денес имаме поднесено интерпелација од група пратеници на ЛДП поднесена за министерот за стопанство и да кажам веднаш добро е што на овој ден преку оваа интерпелација на министерот за стопанство ни се пружа можност да расправаме за една од најбитните, најсуштествените работи за едно општество, а тоа е стопанството, бидејќи морам да кажам темел на секое општество, на секоја држава е стопанството, или поточно да кажам темел е индустриско стопанство, после тоа индустриско стопанство следуваат приземја, катови и катови преку земјоделско, сточарско, па третиот пат кат би го крстел трговија а над тоа би одел дека доаѓаат надградбите во една држава, култура, образование, спорт итн. Се прашувам зошто дури сега во овој изминат период и на овој состав на Парламентот се поднесува интерпелација на министер за

стопанство, а такво барање немаше во 1993, поточно во 1994, 1995 година кога индустриското производство имаше надолна линија. Имавме страотен пад на иднустриското производство. Имавме високи камати кои предизвикаа во стопанството хаос. Имавме такви состојби што многу стопански субјекти отидоа во стечај, да кажам само од просторот од каде доаѓам, во Куманово отиде ЧИК, Киро Федак, па Биброк и се прашувам зарем министерот или министрите за стопанство кои беа во тој период не требаше да им се поднесе интерпелација за состојбите кои беа во индустријата. Не верувам дека не поднесовме интерпелација за тие министри, само заради тоа што беа од редовите на Либералната партија. Ние бевме свесни дека живееме во едно опкружување многу тешко за стопанството, бевме сведоци на изреки дека не можат да се остваруваат идеи и проекти, меѓутоа бевме сведоци на онаа втора што требаше да се оствари во демократското општество, одговорност на самиот пред себе и да видевме една вистинска оставка. Тоа не се случи, сведоци сме меѓутоа, сега се случи група на пратеници од ЛП да бараат одговорност од министерот за стопанство. Кои се вистинските причини, кои се грешките што министерот за стопанство ги има направени за да ние како пратеници бидеме доведени во состојба навистина да не му изгласаме доверба на министерот.

Прво, ако се зборува за акцизите мора да кажам дека а и на кумановски дека се измешаа лончињата, на друг министер треба интерпелација, за министерот за стопанство тоа не држи. Зошто е поднесена интерпелацијата. Прво, министре морам да ви кажам дека имате голема одговорност и сносите одговорност бидејќи до 1996 година од кога почнавте да го водите стопанството на РМ. Имате пораст за 4% на индустриското производство. Претходно имавме само надолна линија на производството. Сносите одговорност, затоа што во првите три месеци до 1997 година се бележи пораст од 11% спореден со истиот

период од 1996 година и морам да ви кажам дека навистина сносите одговорност бидејќи, доколку се продолжи со еден ваков тренд, тоа мора да предизвика создавање на доход во индустриските претпријатија, а тој доход мора да предизвика една единствена резултанта. Таа единствена резултанта ќе биде реконструкција, ревитализација на технологијата на стопанските субјекти во индустријата, таа ќе мора да предизвика по сите технолошки и економски законитости, сакале ние или не, таа мора да предизвика и нови инвестициони циклуси, а новите инвестициони циклуси ќе предизвикаат и нови вработувања. Каков министер сте кога се залагате за пораст на индустриското производство, за пораст на вработеноста, а не се залагате за развој на трговијата.

Второ, носите одговорност затоа што успеавте како министер да се наметнете во круговите во Владата, да се обезбедат можности за што побрзо отворање на извозна банка за поддршка на извозното стопанство. Морате да знаете ова ќе почне да живее,ако почне да живее ќе овозможите и живот на нашите комбинати, пред се, на текстилците, кожарците, чевларите, кои во изминатиот период беа и главните носители на таа извозна структура на нашето стопанство. Мора да ја чувствувате оваа одговорност и министре морам да ви кажам дека спрема нас дистрибутерите, јас сум дистрибутер на електрична енергија, имате голема одговорност зошто на нас не ни дозволивте да ја купуваме електричната енергија од нашите соседи, бидејќи таа во моментот е многу поевтина од цената на електричната енергија направена во РЕК Битола, во РЕК Осломеј, а цената на граѓаните ќе им остане иста, па ние дистрибутерите ќе можеме на некој начин барем до некаде да се доближиме до половина на платите на вработените во Макпетрол. Ние дистрибутерите ви имаме голема замерка и треба интерпелација за една ваква работа, бидејќи нема што да води сметка што ќе се случи со РЕК Битола, со РЕК Осломеј, каде има вработени некаде над 4.000. Нас тоа

не не интересира, но морам да ви кажам дека не поднесовме и немаме ниту на ум нешто такво да правиме, бидејќи сме свесни дека пред се, државата мора да го штити своето производство, бидејќи доколку го имаме своето производство, ќе можеме да опстануваме како стабилна држава. Ако поминеме на теоријата дај-продај тогаш мораме да бидеме свесни дека многу лесно ќе потпаднеме под влијание на туѓи интереси, бидејќи тие туѓи интереси електричната енергија многу брзо ќе ја качат да биде скапа, а ќе има и други работи што како држава ќе мораме да ги прифатиме, бидејќи тој ќе ја диктира цената и ќе ја диктира политиката. Посебно ќе ја диктира политиката во енергетиката. Мораме да знаеме дека енергетиката е срце на државата. Таа дава импулс, таа го дава животот на целото општество, на целото стопанство. Мора да кажам дека се прават енергетски биланси и мора да ви кажам дека навистина она што го направивте, го направивте како голем познаник на стопанството, човек кој навистина ги почитува пред се производните резултати, а не наши дистрибутерски.

Сега овие мои сознанија што ги изнесов точно како се, се прашувам исто така зошто сега повторно интерпелација кога го видовме ова, за акцизите кажавме дека се лончиња, а зошто повторно интерпела-ција? Јас министре морам да ви кажам дека моето размислување е вакво: Интерпелацијата мораше да уследи бидејќи вие како министер имавте храброст и доблест да се вмешате во една дистрибутерска куќа и тука по се изгледа ги нарушивте некои планови на некоја политичка партија. Партија која сигурно оди во избори, а во избори, нема што на народот да му кажуваме, знаат треба многу пари, тие пари се потребни за пропаганди, реклами и се она што треба да го правиме како партии. Дали во моментот таа партија мислела дека ќе се создадат во Макпетрол не би било добро тоа да го кажам и да го тврдам, меѓутоа, мора да кажам дека имам и точни сознанија и ме наведуваат на една ваква размисла

мојата дискусија да ја завршам со ова дека во локалните избори градоначалникот во Куманово, кој беше во претходниот изборен период беше од Либерална партија. За да се изведат изборите како треба, бидејќи беше кандидат на ЛДП, претседателот земал позајмица. Позајмицата е земена од Макпетрол. И сега кога го зборувам ова велам дека имавте храброст да навлезете во тоа и сега нашиот нов градоначалник цела 1996 година ги враќа тие пари. Не победи либерал, имаме градоначалник од СДС, тој ги враќа парите наместо да прави улици, да прави тротоари, водоводи, како што прават некои други градоначалници.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, ние како Социјалистичка партија имаме јасни и определени ставови во врска со пазарната економија. Нам ни е јасно и дебело запишано во нашите акти дека прогресот, напредокот во стопанството, зголемувањето на продуктивноста и економичноста, доаѓаат само како резултат на конкуренција, како резултат на лојална конкуренција. Меѓутоа, вие добро знаете уште кога ги донесовме првите реформи кои ги носеше таканаречената експертска влада, јасно и отворено кажавме дека широка либерализација на увозот е погубна за македонското стопанство. Ние тогаш рековме дека либерализацијата на увозот треба да се прави постепено, но во исто време да се врши широка модернизација на постојното стопанство со непрекината инвестициона активност. Низ таква модернизација нашето стопанство да се доведе на рамниште или приближно на тоа рамниште со кое треба да си конкурираме со светското, особено со развиеното стопанство.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:** (продолжение)

Нашите укажувања беа во насока да се сочува стопанството, да не дојде до ликвидација на тоа стопанство, да ги сочуваме работниците да работат во фабриките, во производните капацитети, во производството, насекаде и во земјоделието, и во индустријата и во сите обеми.

Многумина мислеа дека е доволно да кажеме дека сме за пазарна економија и дека се сме решиле. Дека е доволно тоа да го напишеме во Уставот и после тоа се ќе функционира "како мед и млеко". Бидејќи имаме една временска дистанца видовме што значи големата либерализација на увоз, уште поддржана со сивата економија и со нереалниот курс на денарот кон марката, видовме каква голема пустош остави во економијата.

И денеска, кога станав да зборувам, веднаш уште на почетокот да кажам оваа Интерпелација не ја поддржувам, а исто така и пратеничката група на Социјалистичката партија од јасни и принципиелни ставови, која што оваа партија ги има во однос на економијата.

ко е тоа така, наш став, тогаш Интерпелацијата не ја поддржуваме во правецот што значи заштита на македонското стопанство.

Во другите делови не навлегувам, а и не е работа на ова министерство и овој министер. Меѓутоа, ако ние водевме мапку подоследна политика во либерализацијата на увозот, ние ќе имавме и рафинерија што ќе работеше во полн капацитет и денеска една модерна рафинерија за тоа што ќе оствaруваше профит. И, денеска, таа рафинерија немаше да се сретнува со вакви крупни економски проблеми.

Меѓутоа, од познатите причини што беа со блокадата од Грција, со санкциите итн, ние моравме многу брзо да увезуваме готови деривати. Рафинеријата постепено ја доведувавме и истоштувавме од финансиска гледна точка. Јас лично верувам, никого не сум прашал, меѓутоа несфатливо е со Хрватска да се направи еден аранжман за слободен увоз на нафта. Лично мислам дека е направена грешка. Дека комисиите го имаат тоа испуштено. Инаку, нема нормален човек во светот кој би изложил едни вакви капацитети на нелојална конкуренција.

Ние, не сме производители на сирова нафта. Немаме нафтоносни полиња. Но, ние имаме изградено еден капацитет кој се вика Рафинерија

за преработка на нафта во деривати, Д -1, Д -2, супер, нормален бензин итн. А, вложени се огромен капитал и пари. Што мислите дека некој од тие средства што се вложени друг ќе ги врати? Ние ќе ги вратиме, како цело стопанство. Затоа треба да се погрижиме и исправно е таа рафинерија да работи и со профитот ги враќа вложените инвестиции. Не само да ги враќа, туку и да се модернизира. Меѓутоа, таа рафинерија треба да биде и во функција на развојот на останатото стопанство.

Како тоа го мислам?

Нафта не треба да се купува со акредитиви. Нафта треба да се купува низ државни бартер - аранжмани. Тоа влезе кај нас како пракса, со години. Не во овој период на самостојна Македонија, туку уште кога живеевме во Југославија. Тука сега треба да се ангажира Владата, државата, Рафинеријата, низ билатерални спогодби, низ пласман на сопствено производство да се набавува нафта. Тоа го прават и светски компании, тоа го прават многу земји, тоа треба да го правиме и ние.

Според тоа, ако е точно тоа дека таа Рафинерија има капацитет од 2,5 милиони тони, јас би рекол нешто помалку, и ако ја користиме 15%, тоа зборува дека ние не водиме здрава економска политика. Ако го исклучиме тој период што беше кога бевме принудени да купуваме готовите деривати, тоа не може да биде оправдување сега, во оваа ситуација, за една смирена економија тоа да ни се повторува.

Исто така, не можам сега да прифатам во игра да бидат две компании, " Макпетрол", " ОКТА". Дајте, да ги пуштиме тие да се договараат меѓу себе. Тие брзо ќе се договорат ако имаат заеднички интерес, а имаат.

Ние сега внесовме политика и во едната и во другата компанија. Компаниите, производството треба да ги оставиме надвор од политиката. Меѓутоа, ние секаде сакаме да замешаме политика, во сите домени и тоа е лошо. Ние мораме да го гледаме интересот на државата, а интересот на државата е да ни работат сите компании добро, сите да стопанисуваат и интересот на партијата на која припаѓам е да работат работниците, затоа што тие се носачи на оваа партија.

Ние не можеме да прифатиме компаниите изложени на нелојална конкуренција, да одат во стечај. И, кој најмногу страда? Работниците.

Тука, пред малку колегата Благоја зборуваше за тоа што значи да се работи, да се живее, да се егзистира. А, ние зборуваме за огромна невработеност. А, обратно се однесуваме. Ако можеме која побрзо компанија да ја ставиме под стечај, што е страотно недозволено. Случај со " Лозар", случај со " Нова трговија" од Кочани, со многу такви објекти каде што политиката е внатре, се настојува да се постигнат некои политички цели и по цена на огромно загуби. Тука треба да го ставиме крајот.

Ако не го ставиме крајот, па ние ја ликвидиравме црната металургија, исто во една нелојална конкуренција. Ја ликвидиравме металната индустрија, ја доведовме во тотално истоштување, дури сега почна некако да се опоравува текстилната индустрија, чевларската индустрија. Според оваа логика ние треба да ја ликвидираме и хемиската индустрија. Па, од што ќе живееме ние господа?

Целокупната политика во светот е насочена кој економскиот развој, кон економскиот подем, кон овладување со пазари, со влијателни сфери итн. Ние, како да сме се претвориле во политика и како да мислиме дека непрекинато некој ќе ни долева пари и дека ќе живееме. И, добро што рече Благоја, економијата е основа на секоја држава. Ако немаш економија, не си самостојна држава, ако немаш егзистензионални услови.

Според тоа, дајте, ние мораме целата економска политика да ја преиспитаме. Не само овде, мораме во многу домени да ги отежнуваме условите на увоз. Инаку, како изгледа? Ние сега нашите продавници се полни со прехранбени производи од Запад. Нашите прехранбени фабрики што ги имаме полека тонат и нови не се отвораат. Мораме да ги заштитиме. Ја ликвидиравме текстилната индустрија со силен увоз, дури би рекол со дампинг цени од Турција, од Грција, од уште некои други земји. Ако така продолжиме, ние ќе останеме без работници, ќе останеме без фабрики, ќе останеме без објекти.

Мислам дека во тој правец, без оглед која партија, кое гласачко тело има, мора да размислуваме за економијата. Мора да размислуваме како да отвориме нови капацитети. Новите капацитети, модерно изградени, со модерна технологија, модерна економија, да ги изложиме на конкуренција и да се борат на пазарот. Постарите капацитети што толку заостанаа за овие 6-7 години да им овозможиме

инвестирање, да ги подигнеме во една ситуација да можат да се носат на пазарот, да ги заштитиме во некој временски период.

Не сум јас за враќање на некои времиња кога не можеше ништо да се увезува. Меѓутоа, сум за логични работи. А, ние не сме така голема земја и со така голема индустрија, па да можеме да зборуваме дека внатре ќе се создаде конкуренција. Ние немаме 5 железари, ние немаме 5 ОХИС-и, ние немаме 5 металски заводи, немаме 5 обоени металургии итн. Тука рече Благоја ние ќе формираме банка за извоз? Што ќе извеземе? Што треба да поддржиме? А, немаме производство, немаме капацитети. Уште вака ако почнеме тие капацитети да ги ликвидираме, тогаш ние зошто сме тука? Зошто овој народ не избрал?

Според тоа ние можеме да правиме политички маркетинг, можеме да зборуваме за пропусти, недоследности, незаконито работење итн. Меѓутоа, кога е во прашање производството сопствено и кога треба да го заштитиме, мораме да го заштитиме.

И тука, мојата партија, партијата на која припаѓам има јасни, принципиелни, конкретни и логични ставови и не отстапува ниту за јота од тоа, затоа што обратно, најмногу настрадуваат работниците, а работниците се тие кои гласаат за оваа партија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, господо министри, дами и господа пратеници,

Верувајте ми, како да им завидувам на двајцата претходни дискутанти. Овде имам нешто запишано, ќе се потрудам да не ги повторам.

VIII/5

Но, ќе се потрудам да објаснам со мои зборови, што слушнав денеска, што гледам, и фала богу што се отвори мегдан за ваква дискусија.

Потполно ја разбирам Интерпелацијата, тие мисли внатре искажани, податоци, докази итн. Потполно го разбирам тоа што господинот министер го напиша и го прочита пред нас овде. Апсолутно го разбирам. Јас сум економиста, да се разбереме.

Мислам дека ние зборуваме за Македонија овде, не зборуваме за лица. Оваа Интерпелација треба така да ја сфатиме, за нашата држава, за Република Македонија, за нашата сиромаштија, за оној временски период кога отсуствуваа законите овде, тие 2-3-4 години, па можеше секој нешто да дрпне, да направи куп пари, марки, долари и незнам што.

Сега дојдоа законите. Сега малку обрачот е стегнат. Не би рекол никогаш дека ќе му припаднам на Демократскиот сојуз, СДС, за тоа што таму се добиваат дозволи за увоз, контингенти итн. Нека ми простат таквите колеги и од другите партии.

Јас сум во ПЦЕР затоа што сакам да бидам во ПЦЕР, а не да добијам некоја дозвола за увоз па да направам некоја, како што вчера ми беше многу чудно на телевизијата, незнам како се вика една од нашите колешки овде, спикерка да речам, госпоѓа спикерка рече - дали и утре пратениците ќе ја употребат " финтата", јас незнам што значи тој збор на македонски. Кој знае, можеби затоа што не ми е мајчин јазик, па не го познавам добро јазикот. За да не дојдат да нема кворум, господин кворум нема да биде присутен итн. Да се заборави тој збор барем овде во Парламентот, односно на телевизијата. Има соодветен збор со што може да се искажат тие работи.

Сакам да потсетам нешто, бидејќи сите ние сме граѓани на РМ, овде има присутни пратеници од првото пратеничко свикување, да Ве потсетам дека не за џабе поставував никои прашања на кои некои не мислеа многу. Мислеа дека се тоа на бафтана, ставени онака, колку да се постави пратеничко прашање.

На пример, станавме држава. Со каква актива и пасива? Може ли некој тоа да го каже? Граѓаните се сеќаваат на ова, затоа што на улици ме најдоа многу луѓе па ми кажуваат - господин Абди, одлично прашање.

Со каква актива, со каква пасива, средства и избори на средства. Тоа е тоа. Па понатаму, какви се основните средства.? Кога се јавува интерпелација станува збор само за еден сегмент од стопанството воопшто. Во проценти колку се компатибилно западните, во проценти колку бараат реконструкција и модернизација, во проценти колку се старо железо и да ги фрлиме. Такво прашање поставив овде во овој Парламент.

Па понатаму од скоро време поставив прашање колку од нашето целокупно производство, пред да се обратиме од Југославија, да бидеме самостојни, имаше пласман овде внатре, во Република Македонија, затоа што имаме изградено капацитети. Колку од тие капацитети и тоа тогашно користење, да launched речеме 1989, 1988 година итн., имаше пласман ? Тоа е " господин пласман", пласманот определува во нашава земја, овде во Република Македонија, колку во поранешните ЈУ - републики, колку на клириншкиот пазар, источно европските земји, што болуваат од оваа иста болест од која и ние боледуваме. Рак рана, тоа е тоа. Само, оваа рана ќе се излечи, а ракот нема да се излечи. И, колку на конвертибилно подрачје пласираме?

А, сето ова значи какви ни се капацитетите. И она што е напишано во интерпелацијата, да не речам интерпретацијата, заради тоа што е стварно интерпелација, на сто вложени единици нафта се добиваат 92. Како во светот, има за тоа податоци, и, кога би ги наредиле сите големи гиганти, стратешки производни организации овде, да го направиме тој рангман, таа супстанца, основна супстанца за добивање 100 парчиња производство, колку основна суровина трошиме, ќе дојдеме до фрапантни, негативни податоци сигурно. И заради тоа нашиот производ е скап, неекономичен, па и неквалитетен, а тоа значи треба сега инвестирање.

Од каде сега инвестирање? Инвестирањето во Р Македонија. Тоа доаѓа, но уште не сме навикнале на демократијата. Не сме навикнале на превоспитувањето на себе си, да не бидеме такви какви што сме. Или, ќе треба да чекаме други генерации да дојдат, поискрени, посовремено демократски да гледаат на се она што се случува на Исток и на Запад, односно кај нас овде. Да си пружиме рака не од оние аспекти дали "Макпетрол" ќе има повеќе пари да има незнам која партија, односно рафинеријата.

VIII/7

Подеднакво ми се драги луѓето и од " Макпетрол" и од порано, и од времето на бивша, и од рафинеријата, и од порано и сега. Па зар може овој човек овде, опростете господине Рикаповски, зар може овде бре да се набедува за такво нешто кога ја знае и супстанцата и вложувањето и тогаш кога ја граделе таа фабрика, кога се изгради и средствата од каде итн., и она што господинот Борис го, да, крив е заради тоа што имаше полесно производство од толку, се знае, тоа не е критика. Тоа е негација на негацијата. Признавале или не признавале тој закон постои и секогаш ќе постои. Негирање на она што е добро, на негацијата, тоа е тоа.

Сакам да кажам, добро е да отвориме мегдан за разговори и во другите области, односно оние важни гранки на живеење, производство, за тоа што без економија нема ништо. Без да имаме здрава економија, без да имаме пласман, ќе имаме само тогаш кога ќе имаме соодветни производи. И, банка поевтино.

Фабрика " Комуна" продаваше свои производи во сред Загреб. Ова за пример го кажувам.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Во сред Загреб има две фабрики за хартија, едната е за тоа што е почеток, другата е за преработка на хартија, но од нас земаат, затоа што тоа беше наше и малку поевтино. Е, па не може да не чекаат тие нас 4 години, односно Македонија да ја чекаат, на југ запрено, на север ембарго, да одиме преку Бугарија, Романија, Унгарија, Австрија, па потоа во Загреб, тие веќе мора да живеат, набавуваа хартија од друго место и сега "г-дин купац, вие сте во право," но ние мора да работиме. На сите тешко ќе ни биде да наоѓаме нови купувачи, тие многу тешко се наоѓаат, но јас ја поздравувам оваа иницијатива на ЛДП, ова е добро вака да се постави. Ова треба да се гледа од повеќе аспекти. Се работи за Македонија. И вие во Владата, да се разбереме, имаме добри министри. Тие не се "школарци". Од школска клупа министер не може. Овие се "бркајлии" кои што поминаа, и тоа уште како, има една турска поговорка, да се разбереме, "јунакот отепај го, ама акот не му го јади". Тоа ние денеска мора да го признаеме.

Ова го слушаат граѓаните. Ние пратеници во овој пратенички дом, во Владата , нашите министри, заменици,.помошници и така натаму, очајно се бориме за нешто, не знам која друга партија да биде овде, не знам која Влада, од каде и да е донесена, и од вселената, па, Македонија е таа, не може да биде друга сега, во овој момент, ова е степенот на нејзиниот развој, од аспект на средствата што ги има, од аспект на побарувачката на пазарот, од аспект на свеста, за демократијата и уште не знам што, односно демократската култура, културата во Парламентот итн., тоа е тоа.

IX/2

Па, можеби од некои сме понапред, затоа што нема тепање, некаде има тепаше. Од сите други нешто сме напред. Не дај Боже да се случи такво нешто.

Кажувајќи го ова што сега го спомнав, мислам дека интересна работа, најдобриот да го обориме е многу лошо. Не би ги издвоил, еве г-динот Борис како најдобар министер или г-динот Таки Фити или што знам уште кои таму. Ние имаме доста добри министри, големи практичари, практичари и тоа признати и на Балканот и во Европа и во светот. Ние ги поминавме тие граници, а сега треба да се докажеме. Кои треба да се докаже? Да се докажеме и во нашите макро-економски и во нашите микро-економски агрегати. на микро план, работните организации и да го истераме производството надвор. За тоа не можам јас како Фаик Абди да кажам нешто лошо за ова што се зборува сега, за што се напаѓа г-динот Борис Рикаловски, министерот за стопанство, на сите ни е тешко, имаме доста безработица, па дури во последно време и некои нови луѓе напаѓаат дека има многу невработени и т.н. и т.н. не сакм да кажам ни име ни презиме мислам дека е срамота.

Не може со зборови некого да го вработиме, да отвориме фабрики, ќе отворам 20 фабрики, толку ќе запослам и т.н. и т.н. Не може така. Ајде да си подадеме рака и сите заеднички да им помогнеме и на министерствата и на сите минситри, а останува нашата политичка определба секој од својата партија нека најде начин како да се состави ваква добра,да речам интерпелација се многу важни прашања затоа што министерот во Парламентот не постои за да нападне некој човек, постои за актуелната власт да ги отвори очите, односно пратениците да ги отворат очите, државата да ги отвори очите и институциите да ги отворат очите за подобро утре на граѓанинот, во овој случај во Република Македонија. И да послужиме за пример за идните генерации да им отвориме мегдан кога ќе дојдат овде во Парламентот да знаат дека и

овде се зборувало токму онака како што треба, а не само напаѓање на оние што најмногу се залагаат за оваа земја.

Ви благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, пред да дадам свое мислење во врска со интерпелацијата и за министерот Рикаловски би сакал малку да се навратам на еден период што помина.

Имено, во поранешна Југославија РМ се судруваше со сериозен проблем во она што значи обезбедување на неопходни деривати за работа на нашето стопанство. Не е случајно и земено и сосема исправно рафинеријата Окта со тоа се создадоа услови за непречен крвоток на стопанството. Ниту ми е блиска ниту имам намера да дискутирам на тема дали може поефикасно и порационално да работи рафинеријата. Тоа е неспорно, но немам дилеми ниту во себе имам други размислувања дека рафинеријата Окта и е потребна на нашата држава и нејзиното работење е од многу важно значење за стопанството.

Немам ни најмалку дилема дека треба да работиме во пазарни услови, уште повеќе сум убеден дека треба да го заштитиме и сопственото производство. Ние често разговараме за она што значи светска цена и добро е да се трудиме да ја постигнуваме за секој производ, на одредени производи истиот Запад на кој ние се повикуваме не само што прави заштита на своите производи, туку и директно ги помага преку разни форми. Значи, ако ни е целта светски цени за сите производи, тогаш многу лесно може да се случи сите ониe кои не се вклопуваат во оваа шема веднаш да се затворат како капацитет. Улогата на државата е на сите субјекти да им даде можност во еден определен рок истите да се стремат кон тие цени.

Ако министерот Рикаловски за стабилни и сигурни извори на енергија на стопанството на нашата држава што е повеќе од евидентно, тогаш јас можам да кажам дека потполно се согласувам со политиката на г-динот министер дека стојам во иднина да се продолжи на нови основи да се гради политиката на снабдување со енергија на нашата земја.

Заради сево ова што го кажам јас ќе гласам против интерпелацијата на минситерот за стопанство, г-динот Борис Рикаловски.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, да се договориме, помина 18,00 часот, имаме пријавено за дискусија уште 3 пратеници.

Дали се јавува уште некој. Ако се јавуваат повеќе би прекинале со работа.

(се јавуваат повеќе пратеници за дискусија)

Добро, тогаш за денес, сега да прекинеме со работа.

Продолжуваме утре во 11,00 часот и ве молам комисиите за финансирање и буџет и уште една комисија треба да расправаат, да ја завршат работата пред 11,00 часот, за Законот за денационализација.

(Седницата прекина со работа во 18,05 часот)